## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Четиринаесеттото продолжение на Шесттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 октомври 2006 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,03 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љубиша Георгиевски претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Продолжуваме со работа по Шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Владо Бучковски, Илинка Митрева, Лазар Китановски, Али Ахемти, Зумрете Јакупи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Андреј Жерновски, Ристо Пенов, Абдулади Бејсели, Љубчо Георгиевски и Фијат Цаноски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Има збор госпоѓа Зумрете Јакупи, не е тука.

Нека повели Хани Тахир, и тој не е тука.

Валентина Божиновска и таа не е тука.

Повелете господине Фадил Сулејмани.

**Фадил Сулејмани:** Почитувани дами и господа пратеници, почитуван претседател на Собранието господине Георгиевски,

Јас сакам да ве запознаам вас и јавноста, пошироката јавност дека сум донел одлука од овој момент да не бидам пратеник на ДУИ. Јас нема да делувам во рамките на парламентарната група на оваа партија. Моите причини и образложенија ги кажав на нашата поширока јавност внатре и надвор од Македонија преку средствата за масовно комуницирање и информирање, но сепак накратко ќе спомнам и тука некоја од тие причини кои се поглавни.

Својот придонес како пратеник на народот кој народ сакам да го застапувам на достоинствен начин и ќе се ангажирам да го дадам во рамките на мојата автономија како пратеник чувајќи го мојот интегритет како пратеник од сите тие случки што се случуваат сега меѓу нас. Обвиненија, меѓусебни обвиненија, во име на партиите, и за тоа не сакам да сносам никаква одговорност за тоа. Природно, јас ќе соработувам на посебен начин со пратениците Албанци од ДУИ, ДПА и ПДП, а исто така ќе соработувам и со пратениците на овој Парламент независно од тоа дали се Македонци, Роми, Турци, Власи, Срби и др. во интерес на нашиот електорат кој не изгласа да бидеме тука и во интерес на пошироката јавност или граѓаните на Република Македонија.

Во текот на парламентарните избори добив покана од врвот на ДУИ да се кандидирам, прифатив да се кандидирам се со цел на организиран начин да го дадам мојот придонес на оваа рамниште и во интерес на нашите граѓани, во прв ред на нашите граѓани Албанци, меѓутоа по 5-ти јули не излезе така како што имав замислено. Се соочив со непродуктивна реалност, воопшто не бев прашуван, не бев информиран за состаноците кои ги одржуваше врвот на партијата, за средбите што ги имаше со странците и веднаш почнаа, да не кажам, кампања на непризнавање на Парламентот, бојкотирање, неучествување на седниците, нема да учествуваме во комисиите и не ја признаваме Владата, не го признаваме премиерот, министерот, претседателот на Парламентот итн.

Јас, на две-три седници кои ги имавме на пратениците во партијата видов дека нема сериозност во работата, има излегувања од актуелната тема, губење на време чекајќи го претседателот понекогаш до 01,00 часот и моите забелешки кои ги давав не се земаа предвид. Побарав да учествуваме на седниците на Парламентот и да го дадеме нашиот придонес токму тука и дека ќе бидеме многу по плодни. Народот вели на едно место каде говорат а не те прашуваат, немој таму да седиш, затоа што си вишок.

Друга причина, дојде законот за полицијата, веднаш се виде дека се бараше да се добие на време. Немаше професионален пристап и нема за овој закон. Дискусиите се ирационални, кога имаме предвид како пратениците од парламентите на прогресивните демократски држави се многу конкретни, попрагматични и тоа што сакаат да го кажат го велат со малку зборови штедејќи на време затоа што ние пратениците во целост, но начелно е секаде во светот, ние не можеме да се врземе за столчето односно фотељата и да седиме предпладени и попладне, ние треба да работиме и на терен со граѓаните, со институциите и тоа што треба да се каже, треба да се каже накратко, јасно и отворено.

Јас не знам дали овој закон е добар или не, не сум стручњак или експерт за овој закон, меѓутоа, ми изгледа дека ние, барем во ДУИ или ДПА немаме луѓе кои се експерти или стручњаци за овој закон и да пристапат на овој закон на професионален начин или да ангажираат луѓе професионалци кои ги разбираат законите.

Понатаму на научен начин да објасниме затоа што нам ни треба законот, ни треба полицијата, треба да одиме напред, треба да се движиме. Природно дека еден дел од забелешктеи се на место, меѓутоа, за себе нешто што сум го кажал на оваа говорница сум побарал мајчиниот јазик да биде опфатен и во законот во сите оние населени места каде барем 20% се Албанци, Роми, Турци и др. и полицаецот, освен македонскиот јазик треба да го познава и јазикот на граѓаните од тоа населено место каде тој работи за да биде поуспешен и да има ефект при вршењето на своите должности. Во овој случај нагласувам дека мајчиниот јазик кој и да е за тоа население што го реков, што е над 20% од таа заедница, мајчиниот јазик како универзално право да ссе предвиди со закон и ова не би причинило никаква штета

никому, напртов ќе биде во полза на граѓаните, на полицијата и на должностите кои треба успешно да се вршат.

Затоа барам да има влијание и меѓународниот фактор јазикот на граѓаните кои во едно населено место се над 20%, да се предвиди во овој закон. И така велиме дека сме мултиетничка држава, меѓутоа, не е во ред овој мултиетникум да биде само на хартија, треба да биде и на дело. Кога гледаме како Европа, Европската Унија, Америка во целост меѓународниот фактор ги фаворизира сите тие малцинства,заедници за да нивното универзално право, јазикот, културата, затоа што ние до сега не сме поднеле национални барања, културни барања, тоа треба да ни се дозволи и ова ќе биде за добро на сите граѓани на Република Македонија и на интеграцијата на оваа држава во европските економски и други текови.

Затоа треба ова право да не ни се оспори, да не ни се оспорува како заедница, но и на другите. Од друга страна тука го имаме фактот на децентрализација кој ќе биде во интерес на сите.

Друго, настаните кај Тетовскиот универзитет, јас имам доволно знаење за овој Универзитет, јас сум дежурен за овој Универзитет или се грижам кога нешто се случува ние се занимаваме со последиците, а не со причините. Сега бараме дали имаше право министерот или или Министерството или немаше право да интервенира при спасувањето на Тетовскиот универзитет кој . . .

**Љубиша Георгиевски:** Сепак да ја оставиме оваа тема, опширно ќе биде разгледувана на Собранието.

**Фадил Сулејмани:** Сакав само да нагласаме дека го спасија од сигурна смрт, јас тука ќе се резервирам, ќе оставам прилика кога ќе биде интерпелацијата да го кажам моето мислење со факти. Не сум јас тој кој говори емотивно, како што рече врвот на ДУИ, господинот Али Ахмети, јас говорам со факти ослонувајќи се на конкретната реалност на Тетовскиот универзитет. Јас немам емоции, нека си ги задржат емоциите за себе, сум бил против тоа да се поднесе интерпелација затоа што нема основа за интерпелација, таму беше повредена автономијата, некој требаше да ги спаси тие студенти од трагедијата. Таму немаше наука, образование, ниту уметност, имаше само политика и интерес на политичките врвови на партијата на власт.

Затоа не сум ја потпишал таа интерпелација.

Друго, јас во оваа прилика, во овој случај да искористам едно мое право како пратеник, а ми дозволува законот да работам на независен начин, на слободен начин и не сакам да бидам во оковите, во нечии окови. Благодарам што ме слушавте.

**Љубиша Георгиевски:** Господинот Алити, реплика од три минути односно бара процедурално, но и тоа е три минути.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Право е на секој пратеник да мисли како што сака да мисли, така е и правото на господинот Фадил Сулејмани да суди и да мисли како што ги искажа работите. Јас нема да се бавам со тоа, но побарав процедурално да побарам од министерот за внатрешни работи да објасни овде во ова Собрание и на ДУИ дека е формирано едно координативно тело во Министерството за внатрешни работи со кое раководи заменикот министер Рефет Елмази. Ова беше во медиумите пишани и електронски кажано дека една група Албанци кои се назначени на разни функции и наводно ќе се бават со криминалот на ДУИ.

Ако е формирано ова тело тука е министерот да потврди пред нас, а ако не е, тогаш е добро ова да се демантира, бидејќи ние реагираме на тоа, бараме објаснување и од меѓународниот фактор. Уште еднаш прашувам ако е формирано тоа кординативно тело добро е да се потврди дека е формирано, а ако не е, би било добро, да се демантира оваа работа. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има министерот за внатрешни работи госпоѓица Јанкулоска.

**Гордана Јанкулоска:** Благодарам претседателе, како одговор на директното прашање од пратеникот Рафис Алити, Министерството за внатрешни работи работи исклучиво согласно организационата поставеност утврдена со актот за систематизација на Министерството за внатрешни работи.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, продолжуваме.

Има збор господинот Аднан Јашари.

**Аднан Јашар:** Ви благодарам.

Ве поздравувам сите, не побарав процедурално, туку ќе почнам со тоа што ни е на дневен ред, а тоа е Предлог законот за полиција.

Но, покрај тоа, пред да почнам со моето излагање во врска со текстот на овој закон и моите сугестии, би сакал на сите припадници од исламската припадност да им го честитам празникот на Бајрам.

Остварувањето на општите реформски процеси во областа на полицијата, посебно процесот на демократизацијата на полицијата како служба на граѓаните има предизвикано потреба за уредување на полициските работи и надлежностите на овие органи со овој посебен закон како што е законот за полиција.

Сите знаеме дека основните надлежности, но и полициската организација со изготвувањето на овој закон беа уредени со еден друг закон, како што е законот за внатрешни работи кој за прв пат во Македонија се донесе во 1995 година.

И покрај тоа потребата за носење на еден посебен закон и меѓународни акти кои се од задолжителна природа, во оваа насока би ги спомнал освен стандардите на Советот на Европа кои се опфатени во европските закони за полициската етика, Повелбата за европската полиција како и многу други акти кои ценам дека претставуваат една вистинска претпоставка за

донесување и постоење на еден ваков закон каков што е законот за полиција.

Исто така по мое убедување, донесувањето на еден ваков закон каков што е законот за полиција преку кој ќе се уредат полициските работи овластувањата и нормално дејствијата на полициските службеници непосредно беа предвидени со неколку меѓународни инструменти преку кои се гарантираат правата и слободите на човекот и граѓанинот, како што е на пример општата декларација за правата на човекот која е донесена од Генералното собрание на Обединетите Нации во 1948 година. Меѓународниот пакт за политичките и граѓанските права и посебно во оваа насока би ја нагласил Конвенцијата за заштита на правата на граѓаните и слободите на човекот.

Засноваjќи ја дискусијата на ова што го кажав нормално дека е предложеен еден Предлог закон кој се однесува на полицијата, па во оваа насока ќе ми дозволите да подвлечам од компаратеивен аспект кои од државите, неколку од транзиционите држави, имаат донесено и како им се регулирани прашањата кои се непосредно поврзани со полицијата.

Словенија уште во 1998 година го донесе Законот за полиција која е едно тело во рамките на Министерството за внатрешни работи на Република Словенија.

Но и покрај тоа, ова тело што е во рамките на Министерството за внатрешни работи како зависно тело, многу прашања во Словенија, освен со овој закон се уредени и со Законот за кривична постапка, Кривичниот законик, Законот за обезбедување на пратнио сообраќај, Законот за прекршоци и т.н.  Србија и Црна Гора се уште немаат ниту предложено, ниту имаат донесено закон, како што е законот за кој што ние расправаме.  Република Бугарија, се уште нема донесено еден ваков закон за полиција, но прашањата поврзани од областа на полицијата во однос на овластувањето на полициските службеници во Република Бугарија се уредени со таканаречениот закон за Министерството за внатрешни работи,  Законот за идентификација на документи, за оружје и муниција, за патниот сообраќај, за странците во Република Бугарија и т.н. Значи, Бугарија, иако е многу пред нас во насока на зачленување во Европската унија се уште нема донесено еден ваков закон. Словачка, во 1993 година донела еден ваков закон во однос на полицијата.

Република Хрватска, уште од 2000 година има донесено Закон за полиција, со кој што се утврдени основните начела врз кои што ќе постапува полицијата, а над се, со овој закон се утврдени надлежностите. Но, не е утврдена организационата поставеност на полицијата. Повторувам,  не е утврдена организационата поставеност на полицијата. Клучни причини зошто не се утврдени со Законот за полиција на Хрватска, зошто не е утврдена и организационата поставеност, според она што успеав да го дознам и да се информирам, стои во причината или причина е усогласувањето непосредно со Европскиот законик за полициската етика. Во оваа насока, почитувани учесници, пратеници, ќе ми дозволите да направам една споредба меѓу текстот, предложен со Предлогот на закон за полиција што е пред нас и текстот на Законот за полиција донесен во Хрватска.

Во членот 3 од текстот на Предлогот на законот што е предложен од предлагачот или Владата или Министерството за внатрешни работи се говори за функцијата на полицијата, функциите што се во однос на заштитата и почитувањето на основните слободи и права на човекот. Во членот 3 од Законот за полиција на Хрватска, исто така,  на идентичен начин, повторувам, идентично, исто или слично говори за прашања поврзани со заштитата и почитувањето на основните слободи и права на човекот и граѓанинот.

Во членот 4, од Предлогот на законот за полиција, каде се говори за создавање на услови за работа на полицијата во рамките на Министерството за внатрешни работи, како што се прашањата околу утврдување на кадровските потреби, начелата за унапредување во службата и управување со човечките ресурси, да не нагласувам сите услови е текстуално идентичен со членот 11 од Законот за полиција на Хрватска, член во кој што се говори исто така за прашања или за условите во врска со создавањето на полицијата, како посебно тело во рамките на Министерството за внатрешни работи.

Во членот 5 од Предлогот на законот се говори за постапките, за интенциите на полициските службеници кои  непосредно се поврзани со заштитата на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните, слободите и правата на граѓаните, спречување на вршење на кривични дела и прекршоци и т.н. Доколку се анализира со членот 3 од Законот за полиција на Хрватска исто така ќе дојдеме до заклучок дека текстуално овој закон, овој член не е земен, туку е препишан од членот 3 од Законот за полиција на Хрватска.

Во членот 6 од Предлогот на законот, каде се говори за можноста на помош на државните органи, во градот и општините, на правни и физички лица, сето ова со цел да влијае во отстранувањето на штетите, не само материјалните туку и на граѓаните, е идентичен со членот 4 од Законот за полиција на Хрватска. Таму, исто така се говори за прашања или за истите преземени мерки.

Членот 8 од Предлогот на законот за полиција, каде се говори за спроведување на полициските овластувања од страна на полициските службеници во насока на недозолување на кршење на слободите и правата на човекот, говори и за рок, е текстуално идентичен со членот 6 од Законот за полиција на Хрватска. Земете го и анализирајте го рокот, 30 дена рок, повторувам уште еднаш текстот од Законот за полиција на Хрватска е идентичен со нашиот текст.

Во членот 7 од Предлогот на законот за полиција, се говори за можноста за поднесување на пишани, за овластувањата или остварени на полицијата, најмалку еднаш годишно, е идентичен со членот 7 од Законот за полиција на Хрватска, каде исто така говори за поднесување на пишана информација на полицијата и тоа еднаш годишно.

Членот 8 од Предлогот на законот за полиција, каде што се говори за можноста на информирањето на пошироката јавност во врска со остварувањето на полициските надлежности и посебно во оваа насока би го нагласил ставот 2 од овој член, каде се говори за можноста по барање на граѓаните и државните органи, јавните претпријатија и другите правни лица, полицијата да даде одредени информации со цел пошироката јавност да се изјасни во врска со остварувањето на надлежностите од својот делокруг, е земено од членот 8 Законот за полиција на Хрватска.

Членот 11 од Предлогот на законот за полиција, каде се говори за можноста на соработка на полицијата и нејзините органи со граѓаните, со државните органи, здруженија на граѓани, други правни лица и т.н., со цел да се влијае превентивно во откривањето на кривичните дела и прекршоците, тоа е земено од членот 9 од Законот за полиција на Хрватска.

Во членот 14, тоа е една забелешка што ја нагласив, но ќе ја повторам уште еднаш. Особено во ставот 2, последните зборови, каде што се говори за вина на сторителот на кривично дело, ќе повторам уште еднаш дека овие зборови треба да се избришат. Не само поради причините што ги нагласив тука, а во овој случај ќе нагласам уште еднаш дека во членот 6 од Европскиот законик за полициска етика се предвидува можноста да вината на сторителот на кривично дело да постои вака, но само под услов ако тоа дело се утврди од одредени органи, како што се судовите. Затоа овој дел може да постои, меѓутоа под услов или доколку во продолжение се нагласи кои лица можат да се сметаат како виновници.

Во членот 15 каде што се говори за полициската поставеност, за полициската организација, мислам дека овој член или делот во однос на полициската организација, како што нагласив и претходно, врз основа на анализите што ги направив во неколку закони за полиција што се донесени во неколку држави, особено државите во транзиција, поголем дел од нив прашањето на организацијата на полицијата не е уредено со закон, туку дозволиле овие прашања да се уредат со подзаконски акти.

Така, на пример, во членот 129 од Законот за полиција на Хрватска, во ставот 1, меѓу другото се вели дека Владата на Република Хрватска со указ, меѓу другото, во точка 1 вели дека ќе го уреди и прашањето на основањето и структуирањето на полициската администрација...

**Љубиша Георгиевски:** Господине Јашари, навистина не би сакал да мешам во вашиот збор. Но, Хрватска толку пати веќе се спомнува што може да биде една незгодна ситуација.

**Аднан Јашари:** Јас говорам за законот.

**Љубиша Георгиевски:** Да, говорите нормално за законот и сето тоа е во ред. Но, сменете држава. Да не испадне дека ние овде решаваме хрватски прашања. Малку е незгодно. Ако не ја прифаќате мојата забелешка, терајте.

**Аднан Јашари:** Слушајте, имав намера да ги прочитам членовите што се буквално препишани од Законот за полиција на Хрватска. Меѓутоа, тоа не сакам да го направам поради тоа што ќе испадне дека нашиот закон е плагијат. А, вистина дека е плагијат.

**Љубиша Георгиевски:** Не, не е важно за еден закон дали е плагијат, важно е дали е добар или лош.

Ве молам, држете се за тоа. Меѓутоа, јас просто ви давам еден совет. Не ве ограничувам. Не е ова опомена. Не е ова дигресија. Ништо. Просто сакам да ви кажам дека многу Хрватска, Хрватска, ќе речат луѓето што е ова? Ништо друго.

**Аднан Јашари:** Добро, добро, продолжувам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете.

**Аднан Јашари:** Во членот 15, според моето убедување и моето мислење, прашањето на полициската организација во предложениот закон не велам дека е грешка, но можеби овој дел во однос на организационата поставеност, можеби можел да биде предмет на една материја што може да се уреди со закони. Меѓутоа и покрај тоа повторувам уште еднаш, анализирајќи ги од компаративен аспект неколку држави во транзиција, држави што го имаат донесено законот за полиција, моја оценка е дека ова прашање можеби би било подобро да се уреди со подзаконски акт или со указ од страна на Владата. Но, и покрај сето тоа, тоа е право на предлагачот да оцени дали ќе го уреди со закон или ова прашање ќе го уреди со подзаконски акт.

Во истиот член, член 15, во ставот 1 каде што се говори за полициските работи во Министерството, дека тие работи ги врши Биро за јавна безбедност, како орган во Министерството за внатрешни работи. Добро е да се нагласи или би било добро да се нагласи дека тука се говори за управен орган, бидејќи на овој начин ќе се нагласи и Европскиот кодекс за однесување на полицијата.

Продолжувајќи со надлежностите на Бирото, сум наишол, споредувајќи ги надлежностите на Бирото, повторно од компаративен аспект, во Указот за полиција донесен од владата на Хрватска, гледам дека истите надлежности што се предвидени не за Бирото, туку кај нив е изменет називот, а се работи за исти надлежности што се предвидени во таканаречената Полициска управа на Хрватска, се предвидени истите надлежности и за Бирото, како орган во рамките на Министерството за внатрешни работи.

Во оваа насока, според мојата убеденост, имам неколку забелешки, нема да ги повторувам

бидејќи ги нагласив претходно, го анализирав текстот на овој закон со текстот што е предложен или со Европскиот законик за полициска етика. Во оваа насока имам забелешки за кои што ценам дека ќе ги кажам наредниот пат, ако ми се даде можност. Сега, засега толку би имал да кажам. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор Беџети Блерим, повелете.

**Блерим Беџети:** Благодарам господине Георгиевски.

Почитувани дами и господо,

Ние, веќе со денови расправаме за Предлогот на закон за полиција и настојуваме да ги дадеме нашите забелешки за кои што мислиме дека се аргументирани и основани.

Ме зачудува фактот што пратениците од парламентарното мнозинство се обидуваат само преку реплики да аргументираат толку значаен закон, што е можно, што значи дека не може да се одбрани преку реплики и со некои ретки јавувања. Сметам дека е крајно време на конструктивен начин, преку нашата расправа, заснована на аргументи, да видиме каде сме ние како парламентарна група и каде е парламентарното мнозинство, визави, овој закон.

За да ве потсетам дека расправаме за Предлог на закон што е многу значаен, првенствено ќе го прочитам членот 3 од Предлогот на законот за полиција. Во членот 3 се вели дека основната функција на полицијата е заштита и почитување на основните слободи и права на човекот и граѓанинот, гарантирани со Уставот на Република Македонија, со законите и ратификуваните меѓународни договори. Уште еднаш ќе повторам со законите и ратификуваните меѓународни договори, заштита на правниот поредок, спречување и откривање на казниви дела, преземање мерки за гонење на сторителите на тие дела како и одржување на јавниот ред и мир во општеството.

Првенствено ќе се обидам да кажам зошто треба да се измени овој Предлог на закон.

Дека разликите се повеќе од евидентни и дека ние имаме поинаква визија за овој закон, ќе го образложам со два сегменти што ќе ги изнесам и што се во судир, во колизија со Законот за локална самоуправа, за што понатаму ќе расправам кои биле критериумите и сеуште немаме одговор од страна на предлагачот на овој Предлог-закон за полициските станици од општа надлежност. Потоа, многу зборуваното прашање за секторите и прашањето на употребата на албанскиот јазик во полицијата.

Дека ова не се мали работи, мали прашања, доколку немавме никакви други забелешки, доколку нема забелешки од страна на јавноста за овој закон, сепак мислам дека се доволни само овие разлики кои се во колизија.

Почитувани пратеници, Законот за локална самоупрва е донесен од страна на Собранието со двотретинско мнозинство и со двојно мнозинство гласано од страна на пратениците не македонци. Преку овој закон ние нема да го почитуваме Законот за локална самоуправа кој Закон е исто така еден од многузначајните закони за мултиетничките земји, како што е и Македонија. Дека е многу значаен закон и дека и Законот за локална самоуправа бил една од обврските на Република Македонија визави нашето место каде претендираме да станеме членки, значи во структурите на ЕУ и НАТО.Се поставува прашње, која е целта и намерата преку еден закон ние да направиме, да речеме децентрализација, пренесување на надлежностите од централната на локалната власт, додека од друга страна во Предлог законот за полиција ние на некој начин го заобиколуваме или го омаловажуваме пренесувањето на надлежностите од централната на локалната власт. Мислам дека е крајно време за овие три сегменти кои за мене се многу значајни, предлагажот на Предлог законот да даде едно дополнително објаснување.

Ќе почнам од полицициските станици од општа надлежност, тоа е членот 23. Исто така, дозволете да ги прочитам сите полициски станици за да биде информирана и јавноста.

Со секторот за внатрешни работи се формира полициска станица од општа надлежност за непосртедно вршење на полициските работи за определено подрачје. Полициски станици од општа надлежност се: Аеродром, Бит Пазар, Гази Баба, Драчево, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Центар, Чаир. Тоа сите полициски станици на територијата на Градот Скопје. Потоа следи Берово, Битола, Валандово, Велес, Виница, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Делчево Демир Хисар, Кавадарци, Кичево,Кочани, Кратово, Крива Паланка, Крушево, Куманово, Македонски Брод, Неготино, Охрид, Прилеп, Пробиштип, Радовиш, Ресен, Свети Николе, Струга, Струмица, Тетово и Штип.

Кои биле основните причини, предлагачот на Предлог законот да се определи токму за овие полициски станици, а да нема поинаква определба.

Доколку Законот за локална самоуправа, како што реков и порано, да се пренесат надлежностите од Централната на локалната власт, која е причината да не биде предложено, доколку било критериум било општините кои се дел од Градот Скопје, да имаат и полициски станици од општа надлежност за непосредно вршење на полициските работи на опрделено подрачје, која е причината и општина Сарај да нема полициска станица од општа надлежност. Самиот факт што општина Сарај е и дел од Градот Скопје, мислам дека ги исполнува сите критериуми за да има полициска станица, како според бројот на жителите, според големината на територијата, итн., и сигурно дека ќе имаше и човечки капацитет да ја оформи таквата полициска станица. Според тоа јас не знам каде ќе припаѓа општина Сарај, според Предлог закон за полиција, дали во Ѓорче Петров или на некое друго место. И според бројот на жителите Ѓорче Петров и Сарај се некаде

блиску и имаат приближен број на жители. Кое е влијанието на општинскиот совет на Сарај, во текот на изборот на командирот, или пак како што требаше да биде, на началникот на оваа полициска станица која ќе покрива и општина Сарај или пак, да не го банализирам прашањето само со општина Сарај, еве и другите општини кои не се опфатени. Меѓутоа постои едно чувствително пршање, мислам дека требаше да се даде едно пошироко образложение за тоа кои се причините. Јас, горе долу, колку што гледам тука, тоа е во однос на општините кои биле односно постоеле пред новата територијална организација, од 1996 година и кој закон уште еднаш претрпе измени и сега имаме толку општини колку што имаме. Уште еднаш тука се фаворизираат општините пред 1955 година, со некоја козметичка измена, колку да се каже се додаваат плус три или четири полициски станици со една паралела на бројот на општините кои биле пред 1996 година.

Се поставува прашање што секој од нас треба да си го постави, пратениците овде и прдлагачот, кои беа и кои се целите и намерите на една нова територијална поделба. Јас сум свесен дека речиси е невозможно сите општини да имаат полициски станици, меѓутоа, општо не е сочуван или многу малку е сочувана меѓуетничката реалност. Значи, треба да имаме правична и соодветна застапеност и во полициските станици, според овој Предлог закон. Не сакам да ги повторувам овие работи за тоа колку се, затоа што сигурно предлагачот и поддржувачите на овој Предлог закон знаат колкав е тој број. Тоа се тие причини што ние велима дека овој закон не е во согласност со Охридскиот договор и секогаш се обидуваме аргументирано да расправаме за овој Предлог закон кој е исклучително значаен за земјата, за граѓаните и за сите ентитети што живеат во Република Македонија.

Не е во ред и поделбата на секторите. Ги има осум и тоа Скопје, Битола, Велес, Куманово, Охрид, Струмица, Тетово и Штип. Исто така и тука не се водела грижа за многу етничкиот карактер на оваа земја.Се основа Сектор во Тетово, каде бројот на жителите, доколку не грешам, тоа е околу 304 или 305 илјади жители и во рамките на овој Сектор, за чудо има само две полициски станици од општа надлежност. Доколку овие две полициски станици ги поделиме некаде 150 илјади жители припаѓаат на една полициска станица, земено просечно. Кои биле визиите на предлагачот за да имаме една реформирана полиција која би била ажурна во барањата на граѓаните и воопшто да не се води грижа за еден друг сектор за кој воопшто немам ништо против, меѓутоа со 300 илјади жители, а има седум полициски станици од општа надлежност. Доколку се земе просек припаѓаат помалку 30 илјади жители на една полициска станица од општа надлежност.

Преку Секторите и полициските станици од општа надлежност, ќе беше добра прилика да се продолжи со позитивната тенденција на пораст, секако доколку се водеше сметка за многу етничката реалност на нашата земја од страна на предлагачот на законот. Значи ќе продолжеше таа позитивна тенденција и ќе беше уште позабрзана за да има правична и соодветна застапеност, во согласност со Охридскиот договор и од немнозинските заедници во Република Македонија, затоа што, за жал и после неколку години од Охридскиот рамковен договор се уште не е постигната таа пропорција по правична и соодветна застапеност. Се поставува прашање зошто предлагачот не сакал, за тоа сакам да слушнам поиздржано образложение, зошто предлагачот не сакал да ги има предвид овие елементи. Процентуално, ние не можеме да ја земеме новата територијална поделба и Законот за локална самоуправа  каде што, реков, во полициските станици која е улогата на општинскиот совет во тие општини каде нема да биде седиштето на полициските станици.

Исто така забелешките што ги имаме за работата на Секторите, крајно време е да дадам образложение за тоа. Имам уште еден пример, не сакам сега сите сектори да ги повторувам, меѓутоа Сектор со 133 илјади жители има три полициски станици, со 170 илјади жители 4 полициски станици од општа надлежност. Такви се два сектори, Куманово и Струмица. За чудо само Секторот Тетово, јас не знам како е направена таа поделба, или пак може би има некој географски критериум, јас помалку го познавам тој критериум. Можеби тие биле причините за определување на само две полициски станици од општа надлежност.

Со полекувањето на овој Предлог закон ќе се постигнеше тоа да се избегне и не еднаквоста и нерамноправноста меѓу општините и ќе имаше време за едно повторно разгледување на Предлог законот од стана на предлагачот, и на полициските станици од општа надлежност ќе им се дадеше прилика, можеби на Липково, Сарај, Студеничани, Арачиново и на другите општини, полошки општини, за тие да имаат полициска станица од општа надлежност. Полициски станици од разни видови тие ќе имаат. Сите ние тоа го знаеме. Меѓутоа, значењето на една полициска станица од општа надлежност е поинаква. Тоа се причините за кои јас сакам да ми се аргументира кои биле критериумите за определување на полициските заедници, дури и на секторите. Крајно време е да се даде одговор и за ова, бидејќи како што во многу членови, така и тука доаѓа до израз во значителна мера правото на дискреција на министерот, во текот на многу постапки, во поглед на именувањето итн., постапки кои не се докрај прецизирани. Посебно и должиме на јавноста и на многу општински совети да аргументираме зошто тие немаат надлежности во текот на определувањето или пак на изборот на командирот или началникот, како што треба да биде. Овие два елементи, според мене, се многу значајни, исто така кога ќе го додадеме и Законот за употребата на јазикот, уште повеќе ние ја

отежнува не афирмативната позиција на овој закон.

Исто како кај полициските станици, така и кај секторите, така и во секојдневието, на лицата кои се вработени во органите на Министерство за внатрешни работи  во текот на нивното комуницирање со граѓаните на Република Македонија, секогаш треба да се води сметка за минатото на ова општество односно на граѓаните на оваа држава.

Ова што е мана или недостаток, кај употребата на јазикот, значи основна мана на овој закон е употребата на јазикот на етничката заедница која е на 20% на државно ниво. Овде во членот 34 се спомнува само комуницирањето на полицаецот со лицата кои ги проверува. Меѓутоа, не е само комуникацијата туку и широката употреба на јазикот во полицијата. Задолжително треба да се утврди какви ќе бидат натписите, симболот на униформата на полицијата, натписот на возилата на полицијата, поканата и многу други официјални службени документи во работата на полицијата. Затоа, тоа што ние го бараме е да се додаде едно ново поглавје за употребата на јазикот, како и на правичната и соодветна застапеност насите етнички заедници. Јас имам прдлог, и самиот тоа го кажав, некој можеби ќе се обиде, со самиот факт што нема посебен закон за употребата на јазикот, претходно јас ќе му кажам дека тоа не е причина за непредвидување на сите овие работи.

Јас исто така знам дека е императив и барање за нашата земја за да се донесе Предлог закон за полиција. Меѓутоа, се поставува прашање и дилема, дали е подобро да брзаме и да донесеме закон кој што не е прифатлив за едно значително мнозинство на граѓани, кога велам значително, имајќи предвид дека тоа не е мал број, затоа што ние како парламентарна група застапуваме мнозинство, го застапуваме албанското мнозинство во Република Македонија и сигурно дека не е интенција на парламентарното мнозинство да го надгласа албанското мнозинство. Дека не е во интерес и на самото парламентарно мнозинство тоа сигурно многу добро го знае и парламентарното мнозинство.

Почитувани присутни во Предлог законот исто така, до колку ја разгледаме и внатрешноста преку членовите и т.н. ќе видиме дека не е јасно одделено ниту политичкото од техничкото ниво на полицијата. Во неколку члена министерот има поширoки надлежности, понекогаш дури и повеќе и од самиот Устав. За пример можеме да го земеме членот 29 и членот 30 каде што се вели дека полициските овластувања од членот 28 на овој закон ги применуваат полициските службеници. Одредбите за полициските овластувања предвидени со овој закон се однесуваат и на други овластени службени лица на Министерството кога вршат полициски работи доколку со друг закон не е поинаку определено.

Член 30, на полициските службеници министерот, или од него овластено лице во Министерството им издава службена легитимација и значка. Полициски службеник е должен да носи униформа во извршувањето на работите на одржувањето на јавниот ред и мир, регулирање и контрола на сообраќајот на патиштата, обезбедување на државната граница и контрола на преминувањето на државната граница и во извршувањето на други полициски работи утврдени со закон. Последниот став, полицискиот службеник може работите од ставот 2 на овој член може да ги врши и во цивилна облека кога тоа ќе го нареди непосредниот раководен полициски службеник. Значи, почитувани присутни, ова се два члена каде што не е јасно поделено политичкото од техничкото ниво и каде што се мешаат надлежностите, односно каде што не се прецизирани истите и се остава простор за различни толкувања за тоа што пишува всушност тој што ја практикува власта во тој ресор. И тоа не е во полза на државата раководните лица во ресорите да се менуваат често, значи, се менуваат често и не е добро за нашата земја ние да оставиме манипулативни простори и тоа преку нормите, односно преку  членовите. Дека целиот предлог е изграден врз концептот на политичката контрола врз полицијата говори фактот што Владата именува директор на полициското Биро, додека пак министерот ги именува началниците на централите политички служби, началникот на регионалниот центар за гранични работи каде што исто така и граничната полиција значи, значи за тоа не се водело сметка за тоа каде ќе се поставаат тие центри. Дека на Охрид како туристички центар му е потребно да се оптовари со повеќе институции, да не му се даде можност малку поинаку од критериумите. Значи не се постави во Дебар, или во Струга, туку повторно во Охрид. Исто така, началниците на секторите и командирите на полициските станици каде што исто така се работи за член 30 во кој што се вели дека на полицискиот службеник, министерот или лице овластено од него им издава службена легитимација и значка. Значи ова подразбира дека речиси целата полиција, незнам само дали обезбедувањето припаѓа во ова, значи  се поставува прашање која е целта, интенцијата?

Во членот 17 исто така се вели следново: за вршење на полициски работи за кои е потребен висок степен на специјализација, а заради ефективно и економично извршување на одредени специфични служби и задачи како и за потребите на секторите за внатрешни работи и регионалните центри за гранични работи по принцип на централизирано работење се формираат централни полициски служби кои работите ги вршат на целата територија на Република Македонија. Нема да се впуштам во читање на целиот член за да не ме обвинат дека го читам законот. Меѓутоа, се надевам дека само со овој став ќе се разбереме што сакам да кажам, посебно ставот 2: централните полициски служби ги вршат работите од областа на  оргнизираниот криминал, криминалистичката техника, работите на давање поддршка во извршувањето на одредени специфични и сложени работи на подрачјето на секторите за внатрешни рбаоти и

регионалните центри за гранични работи од страна на посебните единици на полицијата, како и други работи и задачи. Сите други работи и задачи преку овој член некој ќе ги има надлежностите да ги врши истите, затоа што се наредени неколку и на крај се остава простор како и други работи и задачи. Преку ова јас често пати сум кажал, можеби станувам и досаден, предлагачот на овој Предлог закон дека се остава простор да се разбере и поинаку отколку што е предвидено во овој Предлог закон. Значи, овие последни зборови во овој став оставаат можност да се разбере дека задолжително треба да се промени и во членовите и во концептот овој Предлог закон. Во Предлогот исто така фали во целост механизмот на иницијативата за предлагање, нешто што е надоврзано со членот 17 за тоа колку централни полициски служби се потребни, кој функционер ги именува, како функционира оваа постапка од најниското до највисокото ниво. Член 17 вели вака: со централните полициски служби раководи началник. За началник на централните полициски служби може да се назначи лице кој покрај општите услови за засновање на работен однос во полицијата предвидени со овој закон, ќе биде добро да се изменат малку тие услови, иако со задоцнување значи ги исполнува и посебните услови. Значи се подразбира, началникот на централните полициски служби го назначува и разрешува министерот од редовите на вработените во транспарентна постапка. Началникот на централните полициски служби за својата работа непосредно е одговорен на директорот. Началникот на централните полициски служби го назначува и разрешува министерот од редот на вработените во транспарентна постапка. Сигурно дека треба да се изнајде поинаква транспарентност, значи и во другите членови, а не во другите членови исто така да се остави начин на разбирање и подразбирање на тоа како некому му одговара, всушност на политичките гарнитури. Пред малку ви кажав дека тие се менуваат.

Исто така, во член 19 каде што се говори за надлежностите на директорот на Бирото заради заштита на безбедноста на Република Македонија кога јавниот ред и мир е нарушен во поголем обем, или заради спасување на луѓето и имотот при природни непогоди и други несреќи, директорот на Бирото може од полициските службеници да формира полициски единици за извршување на определени задачи. Кога се нарушува јавниот ред и мир во голема мерка од поголем обем, сето ова е затоа што не се дефинирани добро. Ваквата терминологија остава простор да подразбереш многу нејасни работи. Многу е широка и неопределена јасно и целта е во функција на тоа што кажав дека ќе се интерпретира така како што некој мисли дека ќе му одговара.

Член 22 ќе видиме дека со Секторот за внатрешни раководи началник. За началник на сектор за внатрешни рбаоти може да биде назначено лице кое покрај општите услови за засновање на работен однос во полицијата предвидени со овој закон ги исполнува и следните посебни услови. И повторно, до колку имаме аналогија, значи нема да ги читам условите, меѓутоа ќе продолжам, началникот на секторот за внатрешни работи го назначува и разрешува министерот од редот на вработените во транспарентна постапка. Зарем не е крајно време, затоа што имаме многу горко искуство со транспарентните постапки, зарем не е крајно време предлагачот на овој Предлог закон овие транспарентни постапки да ги дефинира и за да не се остава секаде, значи која е таа транспарентна постапка. Јас не знам и заинтересиран сум да дознаам. Сигурно дек аи многу граѓани и вработени во Министерството за внатрешни работи кои што ќе работат според еден усвоен закон за полицијата и тие би сакале да знаат која е таа транспарентна постапка, дали е дискреционото право на лицето кое што раководи со тој ресор, значи на министерот за внатрешни работи или пак кој е? Дека тоа ќе беше во голем обем и во интерес на самото лице кое што раководи со тој ресор, затоа што немаше да остави простор за грешки во текот на управувањето со тој ресор.

Во член 29 кој што е надоврзан на членот 28, меѓутоа во интерес на времето нема да го спомнам членот 28. Значи, во членот 29 вели: полициските овластувања од членот 28 на овој закон ги применуваат полициските службеници. Одредбите за полициските овластувања предвидени со овој закон се однесуваат и на други овластени службени лица на Министерството кога вршат полициски работи доколку со друг закон не е поинаку определено. Сигурно дека предлагачот ќе објасни, дали вториот став требало да се извбрише, или не, дали треба да биде составен дел од овој член и за тоа во целост дали има потреба да имаме ваков член како што е членот 29 каде што има таква препорака, затоа што полициските овластувања ги спроведуваат само полициските службеници. До колку надвор од ова се дадат и други полициски овластувања, тогаш никогаш нема да се знае јасно колкав е бројот на вработените во полицијата и кој знае и денес дали се знае кој е тој број. Секако дека е многу чувствително прашање, прашањето на овластувањата каде што во некој друг член се говори за легитимирањето кое што се врши преку овластувањата, односно во членот 30 каде што службена легитимација ќе добива веднаш секој кандидат кој што се здобива со право за работење во полицијата според определените услови и критериуми во овој закон. Меѓутоа, во овој случај нема да ги коментирам значи од членот 38 до членот 61 треба да се определи начинот на постапување кон лицата со имунитет, како што се пратениците, дипломатите, или пак како што е практика во многу членови предложени од предлагачот на овој Предлог закон и други. И јас ќе го кажам истото, и други, дека треба да се определи начино тна постапување и на крај се

остава и друго. За членот 65 за кој што многу се говореше во текот на расправата за амандманите. Исто така, и во овој член, а и така мојата намера е во оваа дискусија да можам да ве потсетам вас пратениците, колеги,како и предлагачот на овој Предлог закон дека треба да се разјасни, да се објасни и овој член за да се избегне можноста од злоупотреба на оваа надлежност. Исто така, и во овој Предлог закон каде што се говори и за работниот однос и тоа не е добро дефинирано во својот можен оптимум. Значи, не се констатираат процедурите и механизмите, или пак правилата за прекин на работен однос, исто така и компетентниот авторитет кој што одлучува за почеток, или прекин на работен однос, за основање на истото, или пак сигурно и тука го сметаат министерот според определбата од членот 30, како и во други многу членови каде што се остава право, апсолутно право според некои членови на министерот и тоа е во диреkна колизија со духот на Охридскиот рамковен договор, со самиот Устав на Република Македонија и со многу други закони кои што се донесени од овој Парламент.

Почитувана госпоѓо предлагач на овој Предлог закон, почитувани пратеници, ќе биде добро, всушност е добро што е практика Република Македонија се обидува да извади поука од добрите позитивни искуства од некои држави кои што се многу чекори пред нас кон Евроатланските интеграции. Меѓутоа, секогаш треба да се има предвид, всушност добро е што за овој Предлог закон е направена спогодба со законите за полиција вонекои други држави, кои што сега нема да ги спомнам, затоа што се надевам дека сите пратеници сте ги прочителе овој Предлог закон и знаеме за кои држави се зборува. Но, секое село, секој град и секоја држава ги има своите специфики и карактеристики и од законите на државите кои се неколку чекори пред нас, ние можеме да извлечеме или пак да ги земеме тие елементи кои соодвествуваат и со реалноста на Република Македонија. Мислам, можеби сметате на друго место прашањето на секторите е вакво или онакво дефинирано, има или нема двостепена власт во другите места, земји, но со полна одговорност тврдам дека не се водело сметка за тоа, а можеби и тоа беше целта, обидуваќи се да се усогласи овој Предлог закон со законите за полиција кои што постојат во земјите во кои што не ги спомнав, со тоа што се заобиколува многуетничкиот карактер, спецификите и карактеристиките кои произлегуваат од мултиетничкиот карактер на Република Македонија, како и горките искуства во многу сегменти што ги има Република Македонија и нејзините граѓани со полициските органи и каде што полицијата долго време се гледале како апарат на присилба, присилба на власта кон граѓаните, граѓаните кои размислуваат поинаку.

Се поставува прашањето, ние преку парламентарното мнозинство, преку еден ваков Предлог закон да го постигне вистинскиот, потребниот ефект, за државата и граѓаните за во прв ред да го избегне мислењето кое што е градено години по ред за полицијата како апарат за присилба каде што често пати се надминати надлежностите во поедини случаи или пак пошироко од поеднини или инвидуални случаи и секогаш во куоларите на некои комисии останувале констатациите зошто се надминале надлежностите и дека не се водело сметка за мултиетничкиот карактер односно во согласност со територијаланта поделба при утврдувањето на полициските станици, ние тоа не треба да го криеме, туку треба да го гледаме како вклучително голема предност за Република Македонија тоа што има повеќе ентитети. Меѓутоа, ќе беше добро тоа и на дело да се спроведе, даваjќи им можност и на оние граѓани кои во тие општини, било да се рурални општини и тие да можат одблиску да имаат институции од разен вид, а не само некоја барака или некоја општина, без да имаат и други институции во нив. Ќе беше добро доколку на граничните градови им се даде можност, на пример, како на Дебар или на Струга, затоа што мислам дека, иако со сета почит за Охрид, мислам дека Охрид е пренатрупан со институции, сектори, гранична полиција итн. и ќе беше добро доколки предлагачот малку ја дисперзира во некој друг граничен град, можеби со подобра географска положба, отколку што е Охрид за таа граница на запад.

Јас во оваа расправа се обидов преку некои членови да ги убедам колегите и предлагачот дека ќе биде добро овој Предлог на закон, да се изнајде сила, да се остави инаетот на страна и да се повлече истиот, да се доработи во согласност со реалноста што ја нагласив малку порано, затоа што со тоа ќе добиеме сите. Со инает добиваат многу малку луѓе. Секогаш е грешка доколку со таа тенденција настојуваме да донесеме закон. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Ќуркчиев Никола.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван претседател на Собранието, почитуван министер, почитувани колеги пратеници.

Денес е 14-тото продолжение на оваа седница и навистина било кој дискутант по овој Предлог на закон, незнам што би можело да биде, а да биде нешто ново или нешто што не е веќе дискутирано. Но, сепак, кога зборуваме за законот и јас би сакал да кажам некој збор, особено во делот на образложението или би тргнал од таму, каде што предлагачот вели дека целта на законт е да се воспостават нови односи во сферата на внатрешните работи односно да се изврши демократизација на полицијата како истата да се претвори во сервис на граѓаните. Потоа во продолжение се вели дека со овој закон Република Македонија ја следи интенцијата за воспоставување на заеднички европски принципи и насоки за севкупните цели и надлежности и одговорности на полицијата кои се насочени кон обезбедување на сигурноста и инвидуалните права во демократските општества. Значи,

одредбите од Законот за полиција би требало да овозможат приближување на нашите кон стандардите на Европската Унија во овој сегмент. Се разбира, како и приближување на дејноста на полицијата до граѓаните. Оттука, сметам дека значењето на овој Предлог закон би требало да се бара во зацврстување на отпочнатиот процес за децентрализација на власта во Република Македонија преку реално зголемување на улогата на локалната самоуправа. Имајќи го предвид сето ова, недвосмислено е дека носењето на законот за полиција претставува клучен дел од реформите на Министерството за внатрешни работи и еден од клучните услови за приближување на Република Македонија кон Европската Унија.

Колеги пратеници, како пратеник во Собранието на Република Македонија имам навистина апсолутно разбирање за сите законски прокти кои биле и кои во иднина ќе бидат на дневен рад пред пратениците. Овој Предлог закон е еден од ретките кој во својата основа содржат две клучни компоненти.

Прво, тоа е нашата обврска, обврска на државата пред институциите на Европската Унија.

Втората, е обврската која Република Македонија ја има кон сопствените граѓани. Затоа, сметам дека е многу важно и за жал што некои решенија се дадени такви какви што се дадени да постои високо ниво на синхронизација или ако сакате задоволување на овие две, би рекол, суштински основи. За жал, од она што можев да го прочитам во владиниот предлог, од она што го слушнавме како јавна изјава или образложение од предлагачот, имам впечаток дека самиот предлагач е свесен за одредени решенија кои што се дадени во законот. Едноставно, мислам дека Предлог законот за полиција не ги задоволува во целост ниту Европските стандарди, ниту пак оние на граѓаните во Република Македонија. Објасувањата дека ниеден закон во старт не е совршен и дека секогаш има време за корекција, во најмала рака во овој момент, за мене, недржат, особено кога веќе го имаме мислењето на Европската комисија за овој закон. Мислам дека реалните услови дозволуваа, налагаа и ја обврзуваа Владата да излезе можеби со еден поинаков предлог од овој кој што го имаме. Вака, со корекциите на верзијата изготвена од претходната Влада, се наметнува впечаток дека предлагачот водел сметка единствено за потребите на политичките партнери во власта. Како инаку да ги протолкувам измените кои што беа извршени во пет до дванаесет, особено во делот на снижување на прагот на сите услови и критериуми за извршување на строго професионални и многу сериозни работи. Дали тоа значи дека однапред се дискредитира одредена стурктура на кадри, поради таканаречена политичка неподобност и при тоа се нудат решенија токму според мерката на веќе одбрани партиски кадри.

Почитувани колеги, ваквиот пристап, барем за мене, не е пат кој води кон побрзо исполнување на Копенхагенските и Мадридските критериуми односно кон унапредување на статусот на Република Македонија како земја кандидат за членство во Европската Унија. Оттука ценам дека е некоректно неподржувањето на овој закон и ваков како што е даден, во старт да се оквалификува како неподржување, како што имавме прилика да чуеме од некои колеги пратеници, неподржување на евроатланските процеси на Република Македонија.

Втората важна работа по која се раководев при определувањето за овој Предлог закон е колку и дали воопшто во предлогот се опфатени интересите и потребите на граѓаните кон кои јас имам, би рекол, посебни обврски. Тоа се граѓаните од Јужниот дел, граѓаните од Гевгелија, Богданици, Дојран, Валандово. Овој регион, Јужниот регион не е така мало или би рекол незначајно подрачје, бидјќи зафаќа 1134 квадратни километри со близу населени 60 места и околу 60 илјади жители. Значи станува збор за регион кој по својата природна и географска положба со три најфрекфрентни гранични преници и флуктуација на луѓе и стока каква што нема на друго подрачје на државата. Се работи, навистна, за исклучително важен погранични регион низ кои низ памтивек и за навек минуваат и ќе минува коридорот 10. Тоа е регион кој што е најдирекната врска на Македонија со Европската Унија.

Гледајќи го законот од призмата на значењето и интересите на овој регион кој не е безначаен за државата како целина, за нејзините глобални Европски цели и перспективи, наоѓам сериозен недостаток во членот 17 од овој предлог во кој не се предвидува формирање на сектор за внатрешни работи во Гевгелија. Со ова, улогата и надлежностите на сегашниот сектор за внатрешни работи Гевгелија се маргинизира, да не речам, се гасат и според дадениот предлог, еден од клучните по важност и значење региони се сведува на полициска станица.

Претпоставувам дека Владата и Министерството за внатрешни работи како изготвувачи и предлагачи на овој закон знаат што значи тоа и како ќе се одрази еден ваков, според мене, сериозен пропуст. Како и да е, очекувам парламентарното мнозинство да го донесе овој закон и без мојата подршка. Јас нема да гласам за предложениот закон за полиција, затоа што вака како што е даден нема ни суштински претпоставки дека ќе ги постигне прокламираните цели, кои во однос на приближувањето на Република Македонија кон Европската Унија, така и во однос на приближување на овој закон на полицијата кон граѓаните.

Чудно ми паѓа, како е можно да налеме, кога половина Влада на Република Македонија доаѓа од локалната самоуправа. Како ни еден министер кој што досега имаше активно учество во локалната самоуправа во Република Македонија не се потрудил да даде свој прилог, свој дел во носење на овој закон. Слушаме дека голем број градоначалници реагираат на разни начин за да

не се донесе овој закон. Вчера гладаме во интервјуто и Скопскиот градоначалник се јави со молба да не се донесе овој закон и бара во Предлог законот кој што е на дневен ред, зошто ниту еден пратеник не спомнал или не дал пример или придонес да се вгради таканаречена или зошто нема место во овој закон за урбаната, градската или како европски ја велат општинската полиција. Се разбира, со строго определени надлежности.

Почитувани колеги, овде воопшто не станува збор за недостиг на политичка волја за подршка на реформите во полицијат, туку напротив. Наспроти неспорната политичка волја, се соочуваме со факти кои доспеваат едвај остварување на партиските цели на владеачкиото мнозинство, почнуваајќи до чисто формалниот однос кон еден ваков суштински законски проект, завршуваајќи како што веќе почнаа работите, како што веќе пишуваат секој ден новините, веројатно, со смени од првиот, па се до последниот ешалон во Министерството за внатрешни работи. Ви благодарам на вниманието.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика од три минути има господинот Азис Положани. Повелете.

**Азис Положани:** Ви благодарам почитувани пратеници.

Сакам да му реплицирам во последниот дел каде господинот Ќуркчиев рече дека не слушнал да има реагирано некој министер во однос на разрешувањето на овој закон. Имајќи го предвид фактот, може лошо да се разбереме, бидејќи законот е во постапка како што одлучи мнозинството уште на минатата власт и продолжува да биде и со сегашното мнозиство, истото сакам да го објаснам и да и укажам на јавноста дека во рамките на усогласувањети или настојувањето за усогласување уште во минатата Влада, даде и минстерот за локална самоуправа господинот Ризван Сулејмани чии забелешки концизно се дадени во материјалот. Верувам дека тие што го прелистаа, треба да ги имаат овие забелешки, но тие забелешки беа многу есенцијални и во согласност со политичкиот интерес и на локалната самоуправа без оглед на која општина ќе и припадне сето тоа.

Сакам да кажам, за жал, тие забелешки, како и многу други забелешки во однос на овој закон тогаш не се зедоа предвид од страна на предлагачот и од ресорното министерство, Министерството за внатрешни работи од тоа време, нешто што беше и причина како што рековме неколку пати, ние тогаш не го поддржавме овој закон и не дојде во втора фаза во овој Парламент и од истиот како што може да се види, не се зедоа во предвив во оваа фаза, кога сега веќе имаме друг министер за внатрешни работи.

Значи, ова го велам за да ја објаснам состојбата околу тоа дали речиси некој министер увидел некои отстапувања од начелото на организирање на локалната власт и дали дал свој придонес во однос на овој закон. Јас велам дека да, тоа исто така како што реков е документирано и е во матерјалот кој фактички уште од почетокот беше распределен на сите пратаници. Јас ќе повторам за жал, ниту тогаш, ниту сега, не се зедоа предвид овие забелешки кои излегоа од духот на потребата за да се исполнат барањата на локалната самоуправа и преку Законот за полиција. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Дали има контра реплика?

Повелете господине Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Претпоставувам дека господинот Положани ја разбрал мојата дискусија, а тогаш исто мислиме и исто зборуваме во делот на учеството на сегашните министри во Владата на Република Македонија и тогашната Влада.

Јас впрочем реков дека чудно е тоа што сегашната Влада која што половина од неа доаѓа од локалната самоуправа, како е можно ниту еден од нив да не реагираат на реакциите од граѓаните и од градоначалниците во Република Македонија, при носеење нановој закон и да се најде место за урбаната, градската, или општинската полиција. Ценам дека би можеле да направиме многу подобар закон од овој што го имаме сега и априори не сум против носење на Законот за полиција, туку да се корегираат сериозните пропусти кои што во овој момент истиот ги содржи. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има господинот Агрон Буџаку.

**Агрон Буџаку:** Почитуван господине Георгиевски, почитувана Јанкуловска, почитувани пратеници,

Прв пат јас лично земам збор во врска со расправата по текстот на Законот во моментот тие кои што не седат и знаат дека овој е еден момент кога расправаме за нашите забелешки во врска со текстот во целина. Верувам дека и граѓаните и пошироката јавност се освестени малку повеќе и увидуваат дека навистина според аргументите воглавно на коалицијата ДУИ и ПДП дека многу работи не се во ред со овој закон. Моите забелешки во оваа насока се во однос на пет области, или ги имам групирано, или класифицирано во пет области.

Првата забелешка е за процедуралните забелешки каде не само ќе го кажам, туку ќе го докажам ова и со цитирање од деловници и членови од Деловникот во врска со кршењето на процедурата, во врска со носењето или настојувањето за носење на овој закон.

Втората група на забелешки е во однос на концептуалните забелешки, значи зошто, а не за инает, или за опструкција, како што се претполага од некои, или се пропагира ова по медиумите по разни пишани или електронски медиуми. Значи, зошто ДУИ и ПДП, ДУИ како дел од Владата, не се согласуваше со овој Предлог-закон, или подобро речено со текстот на овој Предлог-закон.

Третата група на моите забелешки во оваа класификација која ја направив по нивното

значење е во однос на писмените забелешки и мислењата на релевантни меѓународни институции, од Европската комисија до Советот на Европа, до ОБСЕ и други релевантни институции, кои имаат свои забелешки и тоа сериозни и конкретни препораки во однос на овој закон, а кои не се земени предвид ниту од изготвувачот на овој закон, ниту од излагачот или куририот кој ни го донесе овој случај, а тоа е ВМРО-ДПМНЕ.

Другата категорија на моите забелешки е во однос на потребните стандарди и нивото на блискоста, на соработката на полицијата со граѓаните кое нешто се спроведува во Европската Унија и кои стандарди. Во читањето на членовите од овој закон не ги најдов во овој закон.

Петтата забелешка е во однос на неколку члена и одредби од овој закон кои намерно се искривени и не се применети критерумите за цели за кои јас би сакал, ако не госпоѓице Јанкуловска, туку пратениците од мнозинството, кои по дефиниција и по нивната функција треба да излезат и да го бранат овој закон и доколку успеат да говорат за една демократизација на овој Парламент и за значењето на овој Парламент, да излезат пратениците од ВМРО-ДПМНЕ да го кажат нивното мислење во однос на овој закон.

Ќе почнам од процедуралните забелешки.

Првата процедурална забелешка е непочитувањето на членот 160 од Деловникот кој вели дека во рок од 60 дена од поднесувањето на законот, или како што велиме од првата фаза на законот, предлагачот на законот е должен да му поднесе на Парламентот Предлог-закон, или да расправа во втората фаза на носењето на законот во Парламентот.

Имајќи го во предвид фактот дека расправата за Предлог-законот за носење на законот во овој Парламент во друг состав е направено во текот на октомври 2005 година, од ова произлегува дека помина веќе една година од распавата во прва фаза и во втора фаза, така што Деловникот е прекрен од овој аспект. Јас бев присутен имало и други пратеници присутни, пратениците се сеќаваат, а и пошироката јавност која не следи дека ова прашање се покрена на почетокот на една од првите седници кога се расправаше за овој закон, додека не се сеќавам, господинот Георгиевски или некој друг од пратениците на мнозинството даде образложение дека вака се случило ова и во минатиот мандат на Парламентот. Значи ваков случај има и во минатиот Парламент и овој пат  не се почитува Деловникот на Собранието. Колку е одржлив овој аргументл за една држава која стекна статус на една држава кандидат за приклучување за зачленување во ЕУ, за една влада која не е легитимна за нас,која претендира и говори насекаде за почитување на законот и владение на законот, ова сигурно вие нема да го оцените, туку ќе го оценат тие кои се повикани за оваа работа и кои го набљудуваат почитувањето на демократските прописи во земјата, а бараат да опстојат и најголемиот апсурд е дека во домот каде што се носат законите, истите не се почитуваат.

Втората процедурална забелешка е во однос на свикувањето и одржувањето на седници на три комисии од работни тела кои се повикани да распаваат за овој закон. Комисијата за одбрана и безбедност е свиукана од Вас господине Георгиевски и одржа седница на 25 септември 2006 година, Законодавно-правната комисија одржа седница на 26 септември 2006 година, додека Комисијата за полилтички систем и односи меѓу заедниците одржа седница ако не грешам на 27 септмври. Но како и да е сите п;ратеници кои се членови на овие комисии и на овој начин им е оневозможено да интервенираат во законот, бидејќи по Деловникот кој некогаш се почитува а некогаш не се почитува, или кога е во полза на мнозинството се почитува. Со Деловникот се вели дека може да се интервенира амандмански пет дена до одржувањето на пленарната седница, каде ќе се расправа за Законот. Значи четири дена пред почетокот почнаа да одржуваа седници работниците тела и автоматски значи дека им е одземено правото на овие комисии и членовите на овие комисии  да интервенираат амандмански, во законот, а што е и едно драстично нарушување и на упатствата и на демократските правци. Значи, се оневозможува интервенирањето по однос на Законот,

Третата процедурална забелешка е тоа што се случ пред 10,12 дена кога парламентарното тело или комисија по барање на господинот Георгиевски одржа седница и го одби ан блок сите прдожени амандмани кои во текот на седницата како одговор во однос на амандманите кои во текот на седницата ни ги предложи Владата, значи, оваа Комисија одлучи, ггосподинот Вељановски, ако не грешам рече дека се одбиваат анблок сите амандмани, со едно образложение на Деловникот дека наводно со овие амандмани не се менува есенцијално според Деловникот суштината на законот, давајќи и политички проценки, кои се слушнаа дека наводно амандманите поднесени од Парламентарната група ДУИ ПДП ни биле наводно со политичка намера, истовремено кршејќи ја процедурата дека во Парламентот, доколку најмалку од пратеникот Кенан Хасипи се расправаа на Комисијата, а тие кои расправаа на Комисија, требаше да расправаат и на пленарна седница. Имаше амандмани од Парламентарната група на ЛДП кои исто така се одбија. Значи и тие се произнесоа дека нема да учествуваат во понатамошната расправа на Законот за полиција, бидејќи се крши основното право на пратениците и на Парламентот за да може да се интервенира амандмански.

Сметам дека овие се тешки нарушувања на процедурата, за што сигурно доколку не се освести ВМРО ДПМНЕ и не го преиспита, или не зрачи во насока овој закон да биде уште една фаза, мислам дека ќе преземеме мерки и на разни инстанци, било да се национални, било

меѓународни инстанци. Но споредувајќи ги овие три процедурални кршења со манипулацијата која се направи по повод изборот на Комитетот за меѓуетнички односи и што може да биде опасен преседант за нашата иднина каде сите знаеме дека сега е веќе факт дека госпоѓа Крстевска, Кипријановска пред изборите е изјасната како Македонска, а сега како Влаинка. Се манипулира на овој начин со Бадинтер и не се зеде предвид фактот, дека ние ги повлековме нашите кандидати за да учествуваат на тој комитет и господине Георгиевски ја заврши таа седница кога се направи изборот на тој Комитет за односи меѓу заседниците, што е едно тешко кршење, посебно кога е во однос на тој Комитет, бидејќи ВМРО со оваа манипулација и со непочитување на застапеноста на партиите внатре со седум члена на македонската заедница, која има пет, не надгласа другите кои не учествувавме на таа седница. Таму не учествуваа ниту пратениците од бошњачката и турската заедница кои ја напуштија таа седница, така што тој Комитет одлучи овој закон да се гледа без Бадинтер. Ова е еден преседан и тоа опасен, бидејќи тој Комитет може секогаш да одлучува секој закон да се спори овде, како што се оспори и Законот за полиција, дали да се гласа со двојно мнозинство. Заземајќи ваква аргоментна позиција и пристрасност на постапката на оваа коалиција во одно на секој закон, секогаш овој Комитет ќе одлучува да не се гласа со Бадинтер, што е едно влагрантно кршење на Охридскиот рамковен договор.

Тоа е во однос на моите процедурални забелешки во однос на овој закон.

Сега ќе поминам на забелешките кои постојано ги изнесуваме. Значи нема волја за да зрачат позитивно, најмалку за да ни одговорат од парламентарното мнозинство, значи нема ниво или логика или рационалност кај неколку новинари за да разберат дека, доколку најнапред не се почитува волјата на Албанскиот народ овде во Македонија во врска со застапеноста во Владата, се прекрши Бадинтеровиот принцип, сега не се гледа какви проблеми има, доколку донесеме еден закон, кој нема поддршка на коалицијата која застапува речиси 65% од албанските гласачи, односно нема меѓуетнички консензус за еден закон, многу чувствителен, какви проблеми може да имаме во иднина со донесувањето на овој закон. Има една изрека од Хјуберт Камфри, кој вели дека нема толку затвори, или толку многу затвори, толкав број на полицајци и толку судови за да применат еден закон кој не се поддржува од народот. Ќе повторам, не се доволно овие полицајци што ги имаме, ниту судовите што ги имаме, ниту затворите не се доволни за да спроведеме еден закон кој нема поддршка од народот.

Меѓуетничкиот и меѓуполитичкиот консензус е од големо значење, посебно во однос на овој закон. Постојано нагласуваме дека имаме концептуални забелешки, најлесниот начин кој го искажав станува и пракса кај неколку пратеници не од мнозинството заради нивни цели, а не знам кои се нивните цели, дека ние наводно правиме опструкција, но давајќи ја оваа квалификација никој априори без да не сослуша, без да ги анализира нашите забелешки и тоа што го кажуваме, ќе нагласам, во ниту еден случај не сме читале списанија или весници, туку секогаш сме говореле со аргументи цитирајќи членови од овој закон и залагајќи се да ве убедиме или ако не можеме да ве убедиме, тоа да го објасниме на народот и да кажеме што не е во ред со овој закон.

Во нашиот концепт и во нашите забелешки - си земам слобода да говорам во името на ДУИ бидејќи се општи забелешки кои се поддржуваат и од парламентарната група ДУИ - ПДП, овие забелешки се во врска со тоа дека ние мислиме дека овој Предлог на закон не претставува одржлива основа за да изградиме еден реформски безбедносен систем, што се бара од Република Македонија со меѓународните стандарди.

Другата забелешка е дека не ги содржи и не ги спроведува одредбите од Охридскиот рамковен договор и Уставот. Пристапот кој задолжително се применува во овој Парламент, значи да расправаме наеднаш за овој Предлог закон е пристап кој е сосема во ред и во однос на нашиот пристап немам забелешки. Но во однос на фактот дека една година го одбиваме, кога бевме во власт и сега во опозиција, да прифатиме да дадеме поддршка на овој Предлог на закон, поаѓа од тоа - ќе го нагласам и елаборирам малку подоцна кога ќе дојдам до забелешките и препораките на меѓународната заедница. Во овој закон на пример само во еден дел од еден став на членот 34 се говори за употребата на јазикот и тој дел од тој член од тој став е изготвен колку за да се спомене на тој начин, а може да предизвика големи проблеми во примената. Ова од причина што не е можно да се примени тоа така како што е дадено. Дозволете ми конкретно, бидејќи е од значење да го илустрирам овој Предлог закон, кој е изготвен така како што ни е предложен, а притоа да го цитирам делот што го спомнав во членот 34. Таму се вели: при примената на полициските овластувања, повикување, приведување и задржување полицискиот службеник мора веднаш да го извести лицето на јазик што го разбира. И во уставните одредби и во Охридскиот рамковен договор, кој е многу пати спомнат, е нагласено дека, прво, официјален јазик на цела територија на Република Македонија е македонскиот јазик, но официјален јазик е и јазикот кој на национално или државно ниво се говори од најмалку 20% од населението. Значи станува збор за албанскиот јазик, бидејќи Албанците се 20% од вкупниот број на населението, додека сите други заедници се околу 10% од вкупниот број. Тие се некаде од 4% до 0,8% и притоа говорам за немнозинските заедници кои се споменуваат во преамбулата на Уставот. Доколку полицијата, односно посебно говорам за полицијата, треба да го примени законот како што е подготвен, ќе излезе дека кога полицаецот се обраќа на едно лице од влашко

потекло треба да му се обрати на влашки јазик, бидејќи така е напишано во првата реченица од овој член. Што сакам да кажам со ова? Сакам да кажам дека никаде во законот не е прецизирана официјалната употреба, нешто што е гарантирано со Уставот, говорам за албанскиот јазик, но и таму каде што се спомнува е направено на таков начин што практично не може да се примени. За да не бидам лошо разбран, би сакал полицајците да можат да им се обратат на сите граѓани на нивниот мајчин јазик, но се знае кои се уставните одредби и во кои случаи треба да се употреби тој јазик, бидејќи е неможно од полицаецот да бараме да познава шест јазици, а сосема е можно, имајќи предвид и една друга уставна одредба и Охридскиот договор за правична и соодветна застапеност, во општините каде има албанско мнозинство да има и полицајци Албанци кои ќе можат да им се обратат на мајчин јазик. Тоа е можно да се направи во местата каде над 75-80% од граѓаните, од жителите се Албанци. Од моето искуство како Дебарчанец знам дека и Македонците кои живеат таму 4-10% го знаат албанскиот јазик, така што не е проблем тие да комуницираат, туку сето ова не е уредено со законот. Ниту една друга одредба нема во однос на употребата на јазикот, ниту една друга одредба или член за правичната и соодветна застапеност на сите заедници во полициските сили и служби, кои според мои информации ние сме успеале во текот на нашето владеење од околу 2% да го зголемиме на 17%, значи да ја зголемиме оваа застапеност. Меѓутоа, повторно не е постигната правичната и соодветна застапеност, а тоа значи 20% да бидат Албанци, 4% Турци, Бошњаци итн.

Третата концептуална забелешка е дека овој Предлог закон не е во согласност со стратегијата за реформи во полицијата, изготвена во февруари 2004 година и поднесена од Владата во Брисел. Во врска со овој Предлог закон, ДУИ и јас лично сметаме дека во мултиетничките демократски општества улогата и функционирањето на полицијата се многу чувствителни прашања, би рекол многу сензитивни. Затоа, одредбата во однос на полицијата или нормите кои треба да ги содржи овој закон треба да се засноваат и рефлектираат во однос на мултиетничката реалност на нашата земја. За сите нас е јасно и е искажано од највисоки функционери на Европската комисија, Европската унија и Европскиот Парламент дека Охридскиот договор е таа рамка која обезбедува демократска иднина во Република Македонија и што овозможува поблиски односи, интегрирачки меѓу Република Македонија и евроатланските структури. Затоа, законските одредби во однос на полицијата треба да се засноваат на одредбите кои произлегуваат од Охридскиот рамковен договор.

Нагласувам како концептуална забелешка дека решенијата кои ќе ги понуди овој закон треба да бидат во согласност со меѓународните стандарди, пред се препораките на ОБСЕ и другите релевантни институции кои се занимаваат со ова прашање, конкретни препораки дадени за законот од февруари 2006 година. Овој Предлог закон во многу димензии, почнувајќи од општите начела на функционирањето на полицијата до нејзината улога во однос на заедниците не зрачи и не рефлектира на ниту еден начин мултиетнички карактер на Република Македонија. Кога може или кога може да се направи тоа, а еден ден ќе биде така сакале вие или не, почитувани пратеници, уште еднаш пратеници од мнозинството, бидејќи немаме друг излез, кога овој документ треба да ни послужи како добра техничка рамка и основа за професионалната и стручна работа на полицијата. Но овој документ истовремено или овој закон во иднина неопходно треба да ги опфати или да ги даде во своите законски решенија, да зрачат и да се спроведат основните начела на Охридскиот договор и како предуслов за соработката и функционирањето на граѓаните со полицијата, и како предуслов на ефикасноста на постапките на полицијата, а настојувањето и тенденцијата е - ова се спомна и од претходните говорници - во Европа, говорам за Европската унија, за државите членки на Европската унија со постигнато ниво на демократија сеуште настојуваат да се демократизираат уште повеќе и еден од чекорите кои се преземаат во рамките на полицијата и од Регионалниот конгрес во состав на Советот на Европа е да се расправа и да се препорача решение за регионите и општините во Европа, за блискоста и соработката или за што поголемо приближување на полицијата со самите граѓани. Сето ова значи една соработка, која на крајот на краиштата е и улога на самата полиција, да ги обезбеди тие граѓани, значи да обезбеди соработка на граѓаните со полицијата, за да се елиминира злосторството и криминалот. Ние мислиме дека целта на овој закон или во овој Предлог на закон треба да се нагласи значењето кое полицијата го има во односите меѓу заедниците во Република Македонија. во демократските општества во целина, во демократските држави, но посебно во мултиетничките демократски општества во овие држави, полицијата треба да се претвори од еден апарат на присилба во служба на државата или на партиите што се на власт во еден апарат кој ќе им дава услуги на граѓани, од еден апарат на страв во еден безбедносен апарат. Ваквата блискост се обезбедува преку воспоставување на системот, каде ќе се преземат заеднички акции меѓу полицијата и граѓаните за разрешување на проблемите од јавната безбедност.

Втора цел од овој аспект, која треба но не е имплементирана и воведена во овој закон, е создавање механизми за интеграција на припадниците на немнозинските заедници во полициските структури. Јас лично имам впечаток дека со неколку критериуми и предлози на законски решенија кои се поднесени, се прави токму спротивното.

Значи, се прави една сегрегација или оневозможување на интегрирањето на

претставниците на немнозинските заедници во структурите кои имаат голема одговорност во полицијата. Зборот ми е во однос на предлозите, говорам за секторите за внатрешни работи, за начинот на избор на началници во однос на регионалните центри за гранични работи во четири града кои градови немаат никаква логика, мислам на географска, ниту во однос на составот на населението на пример во регионален центар Запад кој се предлага да биде во Охрид, кога се знае дека мнозинството од населението во тој дел се од албанско население, а Охрид се наоѓа на Југозапад од Македонија, а не на Запад, а за Југ се знае дека имаме друг центар кој е предвиден да биде во Кавадарци.

Во забелешките на ДУИ во врска со општите начела нагласуваме дека полицијата во мултиетнички држави со своите обврски има незаменлива и основна улога во спречувањето или управувањето на етничките конфликти.

Затоа, во согласност со меѓународните стандарди, полицијата во овие држави треба да се обучува во мултиетничките држави за да одигра една позитивна улога во изградбата на меѓуетничките односи во ублажувањето и намалувањето на напнатостите кои можат да предизвикаат етнички конфликти. За да се отстрани секое влошување или за да се нагласи или за да се зајакне улогата на полицијата во оваа насока, во однос на спречувањето на конфликтите, во однос на превенцијата, што е наша меѓуетничка должност, сметаме дека овој закон треба да ги содржи овие начела.

Прво е правичната застапеност, бидејќи обезбедувањето на разноликоста на полицијата во мултиетничко општество е еден основен столб за функционирање на еден добар однос меѓу полициската служба и самото население. Затоа, полициската структура, треба на секое ниво, велам на секое ниво да го респектира мултиетничкиот карактер на земјата. Од оваа причина правичната застапеност како една од клучните начела на Охридскиот договор треба да биде едно од основните начела утврдено и санкционирано со законот за полиција.

Ние сметаме дека овој закон треба да содржи задолжителни одредби со рокови за остварување на овој процес кој би требало да заврши претходно, но имајќи ги во предвид потребните обучувања и одредбите како што се во овој закон, ние не успеавме правичната застапеност на сите заедници во полцијата да ја спроведеме.

Овде, во неколку става или члена треба да се утврдат иницијативите и конкретни постапки зошто до сега ОБСЕ, ЕУРОПОЛ и ПРОКСИМА се занимавале со МВР и самата полиција, напротив нивното присуство и таквите иницијативи, ќе нагласам, сеуште не е постигнато, а замислете доколку еден ден кога ќе биде сосема нормално, бидејќи ние претендираме, сме го достигнале нивото на демократијата и функционирање на правната држава, тие ќе се оддалечат од тука и која ќе биде обврската, мислам законската, бидејќи не постои морал, за да се постигне правичната и соодветна застапеност.

Кои се нашите конкретни забелешки во однос на употребата на јазикот?

Во мешаните општини во спроведувањето на уставните и законските одредби треба да има двојазично вработување, патролите да бидат од полициски службеници кои ќе можат да комуницираат на два јазици и треба полицијата да создаде можности за потребна и навремена информација на сите граѓани за состојбата било во таа населба или во општината.

Значи, во одредбите на овој закон треба да се предвиди како што е случајот во многу држави каде се применуваат два или повеќе јазици, говорам за развиени демократски држави, на еден начин да се санкционира редуцирањето на многујазичната екипа, бидејќи тие имаат контакти со самото население. Ова ќе помогне не само за ефикасноста на самата полиција, туку ќе ја зголеми довербата меѓу заедниците, но и довербата меѓу населението во однос на самата полиција што е од големо значење полицијата да ја има својата улога како што треба да ја има.

Во текот на многу полициски активности или операции предвидени со закон, но не дефинирани добро и до крај како што е приведувањето, задржувањето, информативните разговори и сл., составот на полицијата во тие полициски станици каде ќе се одвиваат овие активности треба да се базира врз двојазична реалност.

Другите забелешки на ДУИ во однос на полицијта, но и за Министерството за внатрешни работи затоа што ние сме предложиле во нашиот концепт граѓанските услуги како што се разни изводи, изводи на родени и други документи, лични документи да се издаваат во општината, а не во полицијата, како што се предвидува, но образложението ни е дадено дека со ова треба да се бави МВР или Законот за внатрешни работи. Се надеваме дека во рамките на неминовните промени во многу закони кај нас во Македонија ќе се предвиди и овој аспект не да се издаваат од полицијата или подрачните единици, туку да се издаваат од општината. Да се издаваат овие документи, бидејќи вака се работи во западните развиени земји и тоа со добра цел инаку кога граѓанинот се обраќа на еден шалтер во општината поинаква е состојбата кога се влегува во полицијата кај нас и истовремено со давачките кои ќе се плаќаат за овие документи за овие услуги ќе бидат добредојдени истите за локалната самоуправа на општината, но во оваа состојба во однос на неповолната состојба што ја имаат општините.

Начелна забелешка на ДУИ е во врска со надлежностите зависи од преводот. Значи, целито проблем или дел од проблемот е лошото толкување или погрешното преведување или намерно на текстот од оригиналот на Охридскиот договор кој е признаен како оригинал, значи хед ов полис се преведува било на македонски или на

албански во преводот кој го имам кој како сака и како му одговара.

Во Охридскиот договор хед ов полис или началникот на полицијата, а не еден командир кој ни е сега предложен со овој закон, ќе се назначи според една постапка која се надоврзува со еден друг момент од Законот за локална самоуправа ќе се избере од трите предлози од министерот, но ќе се избере од општинските советници.

Овде е направена една акробација, намален е бројот на сектори за внатрешни раоти од 12 на 8. Во законот во три члена кои ќе ги елаборирам кога ќе говорам за членовите поединечно, за членовите се даваат надлежности на началникот на секторот, на штотуку формираниот сектор за кој кажав неколку збора за распределбата на секторите и од овој аспект се додека се даваат обврските на началникот да се назначи од министерот никаде не се спомнуваат надлежностите на командирот на полициска станица од општа надлежност кој се избира со предвидената постапка од Охридскиот договор.

Ова е на елегантен начин или транспарентен начин и на пробивен начин е запоставено во однос на кршењето на Охридскиот договор. Се прави регионализација на полициски сектори и сите сме сведоци за еден подолг период дека зборот "регионализација", а камо ли "федерализација" е збор кој е табу збор или збор кој предизвикува паника и големи реакции, како што беше случајот со основањето на Стопанската комора на Северозападна Македонија каде се коментира по медиумите дека еве албанците прават федерализација на Македонија, дека основаат стопанска комора на Северозападна Македонија. Парадоксот и најголемиот апсурд е во тоа дека сега во овој закон за полиција се предлагаат осум регионални центри, а полицајците се униформирани претставници на државата кои ќе бидат во разни региони и никој не вели дека на овој начин самото Министерство за внатрешни работи ни предлага регионализација на Македонија што ќе не доведе до федерализација и дефинитивно до поделба.

Овој парадокс мене не ми е јасен и колку што се трудам да изнајдам решение односно да бидам рационален или да изнајдам една логика во ова предложено решение, а тоа не можам да го најдам, ме наведува да размислувам дека оваа мини рецентрализација на надлежностите на началникот, рецентрализација на полицијата каде цела Европа и светот оди во однос на децентрализација на надлежностите, сега началникот на општинско ниво кој се избира од општинскиот совет не му се даваат никакви надлежности, а во законот не пишува, но во трите члена од законот пишува за надлежностите на началникот кој на транспарентен начин пишува во овој закон, но за кавка транспарентност се работи не се утврдува начинот на неговото назначување и се назначува од министерот. Доколку некој од пратениците кои се присутни од мнозинството или вие господине Георгиевски или госпоѓа Јанкулоска ни објасните, ни ја објасните логиката на таквиот предлог, јас не знам како вие ќе го предложевте госпоѓице Јанкулоска кога не е изготвувач на овој закон, но таа го брани овој закон, претставник е од Владата, која е логиката во ова понудено решение.

Доколку некој ни каже и пишува во образложението дека се земени примери од законите на Германија за внатрешни работи или законите за полиција на Германија, земени се примери од Полска, Словенија и од други земји, но никаде не најдов да се назначи една држава која во текот на изготвувањето на овој закон е земено нешто дека е земен моделот од таа држава која има во официјална употреба два или повеќе јазици.

Доколку некој сака пред Европа или пред некој друг овде...

**Љубиша Георгиевски:** Да го слушнеме говорникот, ве молам.

**Агрон Буџаку:** Значи, пред Европа, доколку некој сака да каже дека еве имаме примери, тогаш сме го зеле примерот на Германија за полициската поставеност, а Германија е федерална држава, сојузна држава.

Сме го зеле примерот на Словенија, а од друга страна Словенија е една држава речиси моноетничка со многу мало италијанско и хрватско малцинство, но и тие на локално ниво ги имаат уредено своите права, нема пример на една држава како што е Белгија или Швајцарија.

Некој ќе ни рече дека се тие федерални, сојузни држави, конфедерации или кантонски држави. Но, зошто тогаш се зема примерот на Германија, со федеративен сојузен систем, се спроведува сето тоа во сектори, таму каде што им одговара, а на Европа и се вели дека Германија е голема држава, дека затоа сме го зеле примерот на Германија, а не се зема Белгија како пример, каде многу добро се утврдени одредбите за функционирање на два или три јазици на Германската заедница, што е 0,6% од вкупниот број на населението.

Од сето ова добивам впечаток дека ова е направено со цел да се запостави Охридскиот рамковен договор, за да се миницентрализира самата полиција, каде не може да се образложи централизацијата во комунистичкиот период. Да направиме една миницентрализација преку сектори и, можеби, ќе можеме да го оправдаме ова на некое место. Истото е и за другите точки во однос на конкретните членови од овој закон, односно многу законски одредби што се толку недефинирани, нејасни, недоречени, што оставаат простор за злоупотреба и своеволно толкување од страна на полициските службеници. Јас би сакал повеќе од се, бидејќи кога нешто не се утврдува дефинитивно, со санкции, да се толкува на позитивен начин, екстензивен начин, но за жал мислам дека оставањето на овие одредби, законски решенија на недефиниран начин, сето ова ќе се толкува, не велам од сите, на рестриктивен начин, а не екстензивен начин.

Тука имаме еден проблем, бидејќи законот, со своите конкретни одреби треба да се почитува од две страни. И од страна на полициските службеници, но и од страна на самите граѓани. Би кажал една изрека на господин Роулен дека полицијата треба, спроведувајќи го законот, да го почитува истиот. Почитувањето на законот значи почитување на конкретните одредби, утврдени во тој закон. Има многу членови со одредби што воопшто не се конкретни и точни.

Пред паузата сакам да кажам нешто и во однос на забелешките во однос на третата категорија, што е во соодност со меѓународните институции, почнувајќи од Европската комисија. Многу лесно се кажува од страна на Владата, од претставниците на Владата, по разни медиуми, на разни тркалезни маси, што не е вообичаено во демократски држави, секогаш кога ќе ги отвориш вестите да се појават лицата на органите на власта. Овој медиумски притисок во неколку медуми е штетен. Може да кажува некој колку сака дека овој закон е усогласен, но барем овде, во овој Парламент не можат да се скријат и тука не можат да не спречат да им кажеме што вели, на пример, Европската комисија во последните забелешки во однос на Предлогот на законот за кој што расправаме.

Забелешките на Европската комисија во целина велат дека по овој Предлог на закон отсуствува систематски преглед на процедурите, постапките, кривичната постапка и компаративен преглед со други релевантни закони. Не се дефинира односот меѓу јавниот обвинител и полицијата. Не се дефинирани и уредени односите односно организационата поставеност на командувањето во самата полиција. Има и други одредби во овој закон, што според Европската комисија треба да се додадат, други членови во однос на организационата поставеност, мандатот, одговорноста, улогата и надлежностите на разни нивоа на раководители во полициската служба. Значи, со еден општ коментар се набројуваат: организациона поставеност, мандатот, одговорноста, улогата и надлежностите на полицијата. Но, тоа се пет елементи од големо значење за фунционирањето на полцијата што не се уредени со овој закон. Сигурно дека иготвувачите од службите на Европската комисија нема да се занимаваат со тоа и нашата улога е таа тие работи да ги кажеме овде во овој Парламент. Но, со подвлекување на овие недостатоци, јасно произлегува дека овој закон, на овој начин не е соодветен и прилагодлив.

Во законот нема одреби, дисциплински, што ќе го санкционираат, велат од Европската комисија, а тоа сме го кажале и ние. Одредби што ќе ја санкционираат злоупотребата и грешките што природно се случуваат секаде, но се потрагични и посензитивни во полицијата. Во овој Предлог на закон нема санкции за грешки, невнимателности и во однос на ова нема дисциплински санкции.

Повторно ни се укажа можност и од госпоѓица Јанкуловска, но јас сум љубопитен за многу работи. На пример, како може со подзаконски акти да се уреди, доколку во членовите на овој закон не се дава индикација дека овие прашања, во најмала мерка ќе се отворат и ќе се уредат со подзаконски акти.

Колку што можев да увидам, се спомна еден број од 140 подзаконски акти, но во елаборацијата на Предлогот на законот се спомнуваат 18 тези за подзаконски акти. Но, логично е и рационално, да имавме еден широк консензус ќе се создадеше поинаков амбиент ако уште на почетокот мнозинството не го заседе овој овој игнорантен став. Говорам за пратениците од ВМРО, бидејќи од другите не ни очекувам да говорат нешто по однос на овој Предлог на закон. Говорам за ВМРО-ДПМНЕ. Тие не објаснија за каков закон се работи. Играјќи ја улогата на жртва, фактички ВМРО-ДПМНЕ не доведе во оваа состојба, значи играјќи ја улогата на жртва, постојано и од господинот Георгиевски и од другите сме обвинувани дека ние правиме опструкција.

Ние даваме сугестии. Даваме аргументирани сугестии во однос на носење на еден закон, како што треба, во случајот законот за полиција, додека опструкциите не доаѓаат од наша стрна. Доколку нашите сугестии и укажувањата од Европската комисија и Советот на Европа и ОБСЕ, се зедоа во предвид, и доколку оваа Влада најдеше малку повеќе време, велам малку време во наметната динамика на работа со кадровските промени и други работи што ги превземаат, доколку изнајдеше малку време да ги анализира нашите укажувања, нашиот концепт, тука не се работи за некој инает или кејф на група граѓани, туку се работи за една партија која што пет пати има добиено избори и константно има поддршка од албанското мнозинство во Македонија. Доколку ги уважеше забелешките на релевантните институции и истите ги воведеше во овој закон, немаше да дојдеме во оваа состојба да расправаме, сега еве еден месец, за Предлог-законот за полиција.

Да разјасниме, опструкцијата не доаѓа од наша страна, туку на перфиден и суптилен начин опструкцијата ја врши во овој случај ВМРО-ДПМНЕ која , кршејки ги своите идеологии и начела, предлага еден закон изготвен од нивните политички противници, па немаат образ ниту аргументи да излезат овде и да го бранат пред своите граѓани. Доколку знаеле граѓаните, вашите гласачи, тие 300.000 ваши гласачи дека ВМРО-ДПМНЕ ќе предложи закони изготвени од други политички субјекти, сигурно дека вас не би ве изгласале. И, нема потреба да ве изгласаат кога таа опција веќе постои.

Во членот 2, од забелешките на Европската комисија, што всушност е општа забелешка за целиот закон, а што е пракса и се разбира потреба во многу закони потребно е најнапред да се дефинира концептот. Бидејќи, кога во членот 2 се вели дека полициски службеник или полициска работа, без претходно да се дефинира во преамбулата или во почетокот на законот што се подразбира под полциска работа, се остава простор за екстензивно објаснување на

терминологијата, односно “полициска работа” да биде се. Полицаецот, доколку се вели во полициските работи, може да интервенира во се.

Во членот 7 имаме коментар од Европската комимсија. Во овој член се укажува односно се говори за укажување помош за да се спроведе едно лице во суд или кога судот повикува во врска со асистенцијата на полицијата. Доколку надлежниот државен, наиде на отпор, барањето за асистенција или помош се врши од државниот орган надлежен од ставот 1 на овој член, поднесува писмено барање во полицијата најдоцна пет дена пред спроведувањето на сето тоа. Доколку, јас сум имал можност кога сум бил во извршната власт, доколку не сум повикал полициска асистенција или некој друг орган не повика пет дена пред моментот кога му е потребна асистенцијата, според овој закон има право да го одбие. Има право да ја одбие асистенцијата. Има ургентни случаеви кога . . .

**Љубиша Георгиевски:** Жалам што упаѓам во збор, сега е 14,00 часот, помнете каде застанавте, па во 15,00 часот после паузата за ручек ќе продолжите. Благодарам.

(По паузата седницата почна со работа во 15,05 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Збор имаше господинот Буџаку Агрон.

Ве молам продолжете.

**Агрон Буџаку:** Ви благодарам господине Георгиевски.

Бидејќи имавме пауза, сега ќе продолжам со мојата дискусија дека во нашите начелни и суштински забелешки кои коалицијата ДУИ-ПДП ги имаат во однос на овој Предлог-закон, во категоризацијата што ја направив во однос на процедурални забелешки, сега ќе зборувам за забелешките во однос на релевантните меѓународни институции кои ги укажале во врска со овој закон. Најнапред почнав да укажувам, за пошироката јавност и за пратениците присутни овде, кои се забелешките на Европската комисија, во врска со Предлог-законот за полиција кој е поднесен од страна на Владата на Република Македонија, на 5 септември. Најпрвин се говореше за концептот и недостатокот на дефинирање на терминологијата која може да предизвика недоразбирање и лоши толкувања, кога се говореше за членот 2 кој зборува за полициските работи. Во членот 7 забелешките се во однос на асистенцијата која разни државни органи ја бараат од полицијата за да им укаже помош за спроведување на некоја извршна одлука. Во овој член е предвидено, најдоцна 5 дена пред спроведување на извршување на одлуката на една институција, во конкретниот случај што многу ни е познат е во врска со инспекторатот за уривање на еден објект. Значи, сугестијата и коментарот на Европската комисија во овој правец е дека рокот, последниот рок за да се побара асистенција е 5 дена пред стапување на тоа дејствие, е долго време, кога се работи за ургентни случаи.

Другата забелешка на Европската комисија е во однос на членот 8 каде полицијата, според овој член, има обврска или е должна, доколку еден граѓанин или едно лице врз кое полицијата ги има спроведено своите обврски, смета дека полицискиот службеник ги повредил неговите слободи и права, има право на преставка или жалба до полицијата. Според членот 8, така како што е подвлечено, полицијата е должна да направи контрола на податоците и во рок од 30 дена од денот на приемот на преставката или жалбата од лицето, ќе го извести. Сугестијата или укажувањето од Европската комисија е да се објасни. Во однос на механизмот на внатрешната контрола и санкциите внатре во самата полиција, значи, која служба е надлежна за истражувањето на случајот, сугерираат да се објаснат постапките и нивото на одговорноста во командниот систем во самата полиција. Тоа може да се поврзе и со целиот закон каде отсуствува дефинирањето или санкционирањето на контролните механизми, внатре во полициските служби, но и контролните механизмим кои се надвор од полициските структури, што во евентуални случаи на преставки и злоупотреби од страна на полицијата, ќе можат да ја контролираат работата на полицијата што се надврзува и со интервенцијата на демократските институции или, подобро да кажам, опфатот на демократските институции во контролата, како контролен механизам на самата полиција.

Имаме и друга забелешка од Европската комисија, која забелешка се поврзува со членот 10, а тој член е во однос на известувањата и информациите со кои располага и полицијата. Во самиот тој член отсуствува определбата или утврдувањето на законската рамка, или повикување на законската рамка е Законот за заштита на податоците. Забелешката на Европската комисија е дека треба да се прецизира законската рамка за заштита на податоците, личните податоци дека во рамките на надлежностите и самото работење во информациите со кои располага полицијата, има информации од доверлива природа и од лична природа. Секоја злоупотреба, било да се тие барања од државни органи и институции кои кај нас по автоматизам се надоврзуваат на партиски постапки. Значи, во овој член треба да се прецизира кој ги бара, кому му требаат и во каква постапка полицијата да им ги даде на располагање информациите. Сигурно, се подразбира дека судските органи и Народниот правобранител, бараат информации од полицијата. Тие на некој начин треба да соработуваат и да ги дадат бараните информации. Но, законодавството, легислативата во однос на оваа чувствителна област, говорам за државите со развиена демократија каде се штити интегритетот и информациите кои се однесуваат на граѓаните, ова прашање е уредено, додека ние

се уште сме во фаза на изготвување на легислативата. Така што, бидејќи претензиите се да направиме односно да ги усогласиме нашите закони со европското законодавство, треба поврзаност и повикување на Законот за пристап до информациите, со Законот за кривична постапка и другата релевантна легислатива, треба да се нагласи во овој закон.

Членот 14 исто така е нагласен и подвлечен од Европската комисија, во врска со полицискиот службеник за кривична постапка, бидејќи не е објаснето во членот 14 која е усогласеноста или поврзаноста со законот или Кривичниот законик.

Исто така, во вкупно 12 члена кои засегаат една широка област, јасно се гледа дека во врска со полициските овластувања и во врска со одговорноста, мандатот и надлежностите на полициските органи, посебно на начланиците и командирите, начелните забелешки на Европската комисија се во однос на дефинирањата и санкционирањата, што попрецизно санкционирање во овие законски одредби.

Освен овие забелешки на Европската комисија, јас би ги подвлекол и забелешките на една друга многу релевантна институција, а тоа е ОБСЕ, која непосредно, во земјите на транзиција, посебно во државите кои излегоа од бивша Југославија, посебно во Македонија по конфликтот, беше непосредно ангажирана во одлуката на полициските службеници и во однос на помошта за добриот тек на полициските работи.

Во забелешките од страна на ОБСЕ, или подобро да кажам официјално кои се назначени како коментари, во однос на Предлог-законот за полиција, во целост се нагласува дека законот на специфичен начин треба да го уреди Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди.

Другите забелешки се во однос на конкретни членови во рамките на заштитата на слободата и правата на човекот и граѓанинот, што овој закон не ги гарантира со овој текст што ни е предложен, на целосен начин и така како што се бара од меѓународните стандарди и норми.

Забелешките  и коментарите на ОБСЕ се во однос и на таканаречените информативни разговори кои се поврзуваат со членовите 43 и 44 и од аспект на надлежностите и овластувањата што и се даваат на полицијата за привременото запоседување на објектите,што се  надоврзува со членот 57 и 58.

Во поглавјето кое го нагласуваме, и ОБСЕ го нагласува тоа поглавје во своите коментари, е поглавјето или делот на тематската група во однос на одредбите за изборот на началници на разни полициски служби. Исто така и ОБСЕ во оваа насока подвлекува дека постапката на назначувањето или изборот на разни началници на полицијата, треба да се изврши со една транспарентна постапка, но и со конкретно прецизирање на начинот и постапката на нивното назначување и избор.

Да не се повторам, бидејќи истите забелешки или истите коментари ги имаше и Европската комисија, во однос на известувањето и информациите на полицијата што им се даваат на неколку категории на институции, или на некои лица. Помалку или повеќе се работи за истите забелешки кои ги имаше и Европската комисија. Ме загрижува фактот дека оваа Влада и Министерството за внатрешни работи не ги имаат земено предвид и не ги имаат уважено забелешките кои доаѓаат од две релевантни меѓународни институции. Но, уште полошо, не ги земале предвид забелешките што се однесуваат на исти членови што и ОБСЕ и Европската комисија ги нагласуваат и подвлекуваат дека треба да се изменат и прецизираат.

Во членовите 66, 67 и 68 од Предлог-законот за полиција, забелешките се во врска со личните податоци кои ги третираат овие членови и за прашањата кои ги поставува ОБСЕ. Значи во овие членови на општ начин, така како што е случајот и со многу други членови од овој закон, се вели дека, на пример, став 2 од членот 10, не може да се дадат специфицирани информации, што е во колизија со членовите 24 и 27 од Законот за Народен правобранител, каде се вели дека на Народниот правобранител треба да му се обезбедат сите податоци и информации, без оглед на степенот на нивната доверливост. Значи овде има колизија на два закони, бидејќи институцијата Народен правобранител е од големо значење во демократскиот свет, за заштита на правата и слободите на човекот и граѓанинот и заштита од злоупотреба од страна на државните институции. Не сум правник по вокација и по професија, но имајќи го предвид фактот дека не го знам точно тоа, но овие два закони се на исто рамниште и мислам дека предност во овој случај треба да има Законот за Народен правобранител, со оглед на фактот што, така како што е дефинирано во овој член, полицијата или полицискиот службеник со свое толкување на овој член, вели дека информациите и доказите кои ги побарал Народниот правобранител, во врска со еден конкретен случај за да го преиспита и да го заштити граѓанинот кој е оштетен, полицискиот службеник може тоа да го толкува  и да му одговори на Народниот правобранител дека овие податоци кои ги бара се од доверлива природа и не може да му ги достави. Ефектот од сето тоа би бил дека Народниот правобранител не би можел да ја извршува својата должност за која е и назначен, а се работи за интересот на самиот граѓанин.

Исто така многу дискутабилен, сме го нагласиле многу пати, но и ОБСЕ тоа го нагласува, е поглавјето на членот 43, во однос на информативните разговори.

Во вториот став од овој член се кажува што треба да содржи. Се спомнуваат и последиците, доколку не се отповика на поканата. Овде има неколку противречности. Од една страна се дава можност полицаецот или полицискиот службеник да повика граѓанин поради собирање информации неопходни за вршење на полициските работи.

Во другиот став без да се прецизира се дава и дискреционото право кое може да се злоупотреби како еднострано за да се повика во секое време лицето,иако од една страна има процедури за причините да се повика писмено се дава од друга страна и можноста лицето да може да се повика на вербален начин, или усмено без да го принудиме полицаецот, или полицискиот службеник, значи писмено преку некое писмено да го образложи и да го документира повиканото лице дека е повикано на информативен разговор во полицијата. Ова за да го анализирам и да го поедноставам сето ова предвидува,или со овој закон и со овој член се дозволува еден полицаец евентуално може да го злоупотреби поради присила во однос на некое друго лице да ја злоупотреби оваа законска одредба и вербално, значи усно да го направи тоа што сме имале случаи за што ни се пожалиле неколку граѓани, мене лично ми се пожалиле дека и по телефон, но усмено, директно полицаецот им рекол дека треба на тој и тој датум и во тој час да се јават во полициската станица. Мислам дека за отстранување на овие злоупотреби кои се можни и реални, а што се злоупотребуваат и ден денеска, треба видливо да се подобри овој дел во однос на информативните разговори, или повикувањето.

Другиот дел од забелешките на ОБСЕ се во однос на земањето на објектите било да се разни објекти каде не се нагласува, а се вели дека ќе се даде уверение, а не се кажува кому ќе му се даде тоа уверение дека објектот е земен, потврда, а се зема голема обврска на полицијата и овластување тие објекти поради неколку причини кои се споменуваат, или можат лошо да се толкуваат да ги земе за едно одредено време. И другиот дел на реакциите и забелешките и коментарите на ОБСЕ се во однос на една висока институција каде учествуваат 46 европски земји, а тоа е Советот на Европа која во рамките на своите надлежности, своето работење се занимава и со функционирањетона локалната самоуправа и од овој аспект има и таканаречен конгрес на локални и регионални авторитети каде се спомна од претходните говорници настојувањето и тенденцијата во Европа е во рамките на демократизацијата на политицијата да бидат што поблиску граѓаните, да и се дадат надлежности на локалната полиција или во нашиов случај не дефиниран добро дека имаме 38 полициски станици и 80 и нешто општини и 8 сектори, значи кои надлежности и кому треба да полагаат отчет во врска со своето работење на полицијата на овие нивоа. Поради ова јас не знам дали имаше време оваа Влада или госпогица Јанкуловска и нејзината работна екипа но мислам дека е од големо значење да се види тенденцијата каде оди Европа во насока на почитувањето на правата и слободите на човекот и надлежностите и одговорноста на полицијата. Оваа тенденција оди во приближувањето, во што поголемо приближување на полицијата со граѓаните, значи истовремено е во однос на одговорноста во однос на органите на локалната самоуправа, се разбира во рамките на општините како што сме ние организирани.

Резолуцијата за која говорам која е изгласана во Советот на Европа, резолуцијата 180 која датира од 2004 година е во однос на полициските работи на локални ниво во Европа.

Точка 12 на Резолуцијата вели дека локалните заедници сега се сметаат како гаранти на нивната безбедност преку нивното партнерство со локалната полиција. Точка 13 од оваа Резолуција вели дека одржувањето на редот и поредокот е еден пристап кој го признава значењето на безбедноста и криминалот кој се случува секаде во светот, но во еден поширок аспект социјален, општествен, економски и политички. И, пристапот во однос на ова е преку структурите кои се препорачуваат од Советот на Европа со транспарентно партнерство кои ги почитуваат правата на човекот и граѓанинот, ја зголемуваат одговорноста и произлегуваат со целосна соработка со другите стручни и специјализирани категории на локално ниво. Имајќи го во предвид овој аспект и самото функционирање на полицијата но и аспектот на мултиетничкиот карактер на нашата држава, мслам дека од големо значење е да се преиспита Законот и одредбите за кои говорам за да дојдеме до едно што повисоко ниво на квалитетот на Законот кој ќе ги применува овие категории, а истовремено сето ова ќе ни служи како еден јак адут за нашето патешествие кон ЕУ, но ќе ја зголемли ефективноста на работата на самата полиција.

Другата точка за која кажав во мојот вовед, но се нагласува и од Советот на Европа е точка 14 од Резолуцијата 180 од Советот на Европа каде вели дека полицијата треба да се преобрази од еден централизиран модел во еден модел кој ги охрабрува една поголема блискост физичка и концептуална, филозофска со локалната заедница. Овде наместо од една страна да го почитуваме и Охридскиот договор и надлежностите на локално ниво на самата полиција и начинот на изборот на началникот да биде во согласност со Оридскиот договор и со меѓународните стандарди, ние уште еднаш нагласувам, ние правиме рецентрализација на полицијата, но сега не само на централно ниво, туку и во осум сектори што е еден чекор назад и од досегашната структура каде што сме имале 12 сектори. И точката 24 од Резолуцијата 180 на Советот на Европа вели дека за да се обезбедат полициските локални сили да одговорат непосредно на локалните власти на заедниците на кои тие им служат. Овој одговор во однос на нив е некако спомнат во овој закон, но не е нагласен и подвлечен ниту на локално ниво, а ниту на центално ниво. На кои демократски институции и избрани на демократски начин им одговара министерот за внатрешни работи но и самата полиција. Ова беше во однос на Резолуцијата и препораките на Советот на Европа.

Од самата специфичност на Македонија на нашето мултиетничко општество и Уставните

промени и Охридскиот договор и од самиот историски момент во кој се наоѓаме ќе нагласам уште еднаш, законот за полиција во Македонија не е ист како што се кажа од мојот колега пратеник во однос на Хрватска и некколку елементи се земени од Хрватска, но и од другите држави кои се земени како модел или според моите информации дека во рамките на тренинг програмата се соработуваше со федерална Германија што е од големо значење и велам искрено според текстот кој го имам и според времето кое го имаше министерот и оваа Влада, јас сум убеден дека никој во Министерството, или не знаел или не ги има прочитано, а камо ли да ги примени препораките на полиција во мултиетничко општество од февруари 2006 од ОБСЕ, еден орган создаден од ОБСЕ 1992 година на чие чело беше господинот Вандер Штул едно време и кога во еден голем обемен документ во 31 страна на таксативен начин и со понатамошна елаборација кажува како да се организира и структуира, каков пристап треба да има полицијата во мултиетничките општества. Земајќи го во предвид фактот дека овој комесаријат се основа по распаѓањето на Советскиот Сојуз и бивша Југославија, имајќи во предвид на какви проблеми наидоа во овие две бивши федерации и државите кои произлегоа од овие федерации, не е случајно дека сега увидувајќи ги проблемите во оваа област, проблемите кои ги имаме и ние денес. Кога расправаме за еден закон за полиција овие препораки треба да се сватат сериозно и мислам дека се добар рецепт и добро умислен од тие кои на крајот на краиштата се платени за оваа работа за да функционира подобро и за да се стабилизираат државите, мултиетничките држави за една долгорочна стабилност. Првото што не е случај само овде кај нас, туку имавме случаи во Бившите комунистички држави, во овие препораки се вели за да се надмине состојбата каде во мултиетничките општества, составот на полицијата беше моноетничка со дискриминаторски пракси. За најдобрата застапеност на заедниците кај нас со Устав се немнозински заедници не само што ќе се зајакнат меѓу етничките односи, туку ќе има поголем ефект во самата полција. Овие препораки се дадени и ова е од големо значење мислам дека госпогицата Јанкоуловска слуша со цел за да не и дадат практично упатство за политиката и законие во согласно меѓународните норми и закони. Во овој документ или овој материјал има 6 поглавја и 23 индивидуални препораки. Јас поради времето не би ги читал поединечно, но сум ги поделил овие во тематски групи како што се и во овој документ.Прво, е во однос на општите начела. Законот и дејноста на полицијата треба да биде професионално, а не со партизација значи да имаме професионална а не партиска полиција. И секоја постапка на полицијата да биде во согласост со меѓународните стандарди за праваа на човекот, опфаќајќи ги и правата на малцинствата.

Точка 2 вели дека државите треба да обезбедат полицијата и народот опфаќајќи ги и малсинствата да ја разберат улогата на полицијата во промовирањето на добрите меѓу етнички односи. Мислам дека ова се коментира и претходно и е речено неколку пати дека е од големо значење населението да има доверба во полицијата и полицијата да ја гледа како служба, а не како репресивен орган.

Второто поглавје накратко е во однос на регрутирањето на полицајците и полициските случбеници и застапеноста на разните заедници. Во точка три се вели дека составот на полицијата на локално ниво, регионално, подрачно и централно ниво треба да ја одрази разноликоста на населението. За ова сигурно сите сме свесни, често пати сме го слушнале во текот на овие денови е во однос и на наметнатиот стаж, или искуство од овие одредби за ракоодни места во полицијата.

Точка 4 вели дека треба да се покренат иницијативи за порастот на застапеноста на заеднците кои не се доволно застапаниво полицијата, или кои досега беа диспропорционално застапени. Нагласувам уште еднаш, значи со сето мое задоволство дека за четири години од околу 2%дојдовме до 17% на застапеност на Албанците. Со конкртни податоци не располагам, но и другите заедници имаат еден одржлив пораст, освен тие кои биле и диспропорционално многу застапени. Мислам дека за да се постигне и дојде до предвидените проценти со Устав треба да има најмалкку еден закон и одредби каде ќе се говори на кој начин и во кое време ќе се постигне правичната и соодветна застапеност на заедниците.

Во четвртата тематска група од препораките се говори за ангажирањето со етничките заеднци. И овде се надворзува директно со јазикот, вели дека полицијата треба да обезбеди комуникација со заедниците, со немнозинските заедници кај нас на нивен јазик. Значи, уште еднаш ќе нагласам освен една реченица која е недоволно јасна во членот 34, Значи воопшто во овој закон не се говори за употребата на јазикот. Во петтото поглавје на овие препораки се говори за операционални пракси кои со задоволство ќе нагласам на непосредниот ангажман на ОБСЕ и Еуропол и разните европски мисии овде кај нас успеавме и постигнавме оваа точка на препораката да се спроведе и во однос на мешаните етнички патроли. Но, ќе повторам уште еднаш во интерес на смислата на проблемот се додека е ОБСЕ овде и разните меѓународни мисии, се додека се присутни тука со нивно инсистирање ова е спроведено. Но, ние треба да создадеме една законска рамка, а е во наш интерес да имаме што помалку мисии и набљудувачи од страна. Значи, кога ќе се оддалечи ОБСЕ според законските рамки и одредби да се имплементираат и спроведуваат истите, значи овие одредби кои до сега почнаа да се спроведуваат, а тоа се мешаните етнички патроли. И наредната препорака во однос на операционалните пракси е дека законот треба да биде антидискриминаторски, говорам за овој

закон за полиција кој треба да се спроведе на ефективен начин. И во шестото поглавје од овие препораки се говори за превенцијата и управувањето со конфликтот, нагласувајќи дека полицијата обучена и опремена за да управува со граѓанските нереди и меѓуетничките инциденти треба оваа обука да обезбеди една професионална и стручна полиција и повторно нагласувам, имајќи го во предвид нивниот ангажман и праксата која ја виделе во многу земји, не само во Македонија, дека оваа полиција да биде апартиска полиција.

Според однесувањето на ова мнозинство и оваа коалиција и одлуките кои ги донеле до сега, мислам дека од овој аспект, ова не се почитува, туку за партиски и реваншистички цели во кадар, многу стручни кадри како што е случајот со началникот на Тетово и другите места, на еден начин се интернирани, како што пишуваше, далеку од нивните места на живеење. За сето ова се знае која е целта. Земено во целост секоја Влада во препораките треба да демонстрира еден лидер шип, воспоставувајки една јасна визија во полициските служби, во изградбата и зајакнувањето на едно ефектно мултиетничко општество. Мислам дека овој владин состав, со самиот факт што не се во состојба да ни предложат една своја верзија на овој закон, не демонстрираат, како Владата така и пратениците од парламентарното мнозинство, не искажуваат една волја или способност за да ги бранат и да ги штитат тие членови кои некако можат да се бранат, мислам дека ова е сосема против оваа значајна препорака, бидјеки кај нас сеуште надвладува еден менталитет дека државата и Владата од обичните граѓани се гледаат преку однесувањето на полицијата и посебно во однос на немнозинските заедници. Тие немнозински заедници во минатото биле жртви на дискриминаторското однесување на полицијата и сега, докажувајки дека се лојални на државата, треба да го видат и во дела, како и самата држава преку оваа полиција или Владата сега демонстрира една операционализирана волја со закони и со однесување во согласност со законот за полиција, која ќе ги направи граѓаните полојални и ќе го почитуваат законот, а не да реагираат така како што било со векови наназад. Зашто и Македонците и Албанците и другите сме имале една заедничка историја на окупација, значи државата и нејгледаниот орган на Владата и државата и полицијата да се смета како непријател и репресивен орган. Во колективната свест и во колективната меморија е многу тешко ова да се промени, но може и има рецепти и начела, како и препораки, меѓутоа за жал со овој закон и со ова однесување на Парламентот на парламентарното мнозинство се оди во спротивна насока.

Друга препорака, како што е дадена во февруари, но ова не се однесува само за Македонија, овде конкретно се работи на нашиов случај кој треба да го подржуваме, вели дека Владата треба да направи широки консултации, за да постигнат широк партиски консензус и етнички консензус за својата политика во однос на полицијата и немнозинските заедници или со нивната терминологија малцинства, инаку ќе иманегативни социјални ефекти и може да се постигне до едно таргетирање на цели за политички реваншизам. Неспорејќи ги надлежностите и капацитетот на тие кој го напишале и ги изготвиле овие препораки, јас не мислам дека нашите дискусии кои беа во оваа насока нема да можевме да ги формулираме толку добро и толку наместо во оваа состојба, како што е оваа формулација на оваа препорака коај ги нагласува консултациите, партискиот консензус и етничкио тконсензус и најавува дека непочитувањето или непридржувањето кон овој консензус и немањето консензус и немање консултации, ќе има поделени ефекти, не само етнички, туку и социјални. Јасно се гледа дека овде отсуствува широк политички консензус, освен етничкиот консензус. Исто така, се нагласува дека во препораките на Високиот Комесаријат, демократската одговорност и неминовноста на набљудувањето од еден независен орган. Ориентацијата на полицијата како што се во демократските држави, а што се нагласува и од Советот на Европа треба да биде поблиску до населението и да го опслужува самото население. Исто така, е интерес на една препорака која не е расправана и дебатирана, а ние сме хендикепирани како Парламент дека не сите учествуваме, конструктивно учествуваме во оваа расправа за законот, се препорачува или се советуваат државите да работат во насока на воспоставување на етничко набљудување за надзор на полициските операции, со цел да се идентификуваат случаи на етничка дискриминација. Ова е еден чекор уште понапред, но јас сум скептичен. Најнапред, во овој закон нема санкции за внатрешна контрола, а камоли надворешно набљудување или етничко набљудување, кое ќе ги набљудува и идентификува евентуалните случаи на етничка дискриминација. Сега засега, ќе нагласам уште еднаш, јас говорев во однос на забелешките, препораките и укажувањата на многу релевантни институции на Европската унија и на Европа во целост. Покрај тоа, сите наши дискусии, кое се квалификува како констуктивни иопструктивни, но ако се земат записниците и стенограмите ќе се види дека не е така, дека не правиме опструкција. Најмалку повикувам мнозинството да зрачи и госпоѓица Јанкуловска, да се даде можност овој закон да се преиспита, да се подобри. Ако не ги земат предвид нашите забелешки, а јас би ги дал на госпоѓица Јанкуловска овие документи релевантни со кои располагам и кои ги имам и кои се во однос на нашето патешествие кон Европската Унија. Бидејќи смао со декларации и нејаснотии во законот не можеме навистина да направиме нешто што е квалитетно. Ние сакаме да ги слушнеме забелешките на Меѓународната заедница во однос на консензусот и на неминовниот дијалог, но најмалку до колку сето ова наидува на глуво уво од разни причини во

однос на нашите забелешки, нека ги земат предвид забелешките и препораките и советите на релевантните меѓународни институции. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има почитуваната Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Законот за полиција предизвика интересна и помалку интересна полемика, сериозна и малку помалку сериозна, бурна или малку помалку бурна полемика во ова Собрание. Јас еднаш по тесктот на законот зборував, но бев мотивирана од неколку причини повторно да земам збор.

Една од причините заради која повторно земам збор е упорноста на пратениците на ДУИ да бидат слушнати. За несреќа, според мое лично мислење, во Собраниево нема кој да ги слуша, со исклучок наоние кои навистина си ја работат својата работа, иако многу други тврдат дека сакаат  да дадат констуктивен придонес за законот. Дали некој нивната упорност ќе ја свати како опструкција или не, за тоа веќе дискутиравме и многумина го кажаа своето лично мислење. Но, во однос на еден вака значаен закон, според мое лично мислење, кој во суштина како што веќе еднаш рековме не е системски, иако се гласа самос о 41 пратеник, мислам дека треба сериозно да  разгледаме повторно уште некои елементи, со единствена цел да го направиме она што е најдобро за сите нас.

Од многуте сегашни дискусии се добива впечаток дека, прво, во законот навистина има проблематични точки, за кои јас сметам дека основна вина носат оние кои го работеле и за право на вистината тоа се случи за време на Владата на СДСМ и ДУИ. Сооглед на тоа дека и во тој период, па и во овојс ега и тоа како добро ни е ставено до знаење дека ДУИ не се согласува со ваквиот закон, СДСМ кој го предложи тогаш ваков во иста форма, каков што сега новата Влада го прифаќа, ги слушам деновиве повеќе пати како и тие велат дека законот имал слаби точки кои требало да се поправат. Оттука, се префрла дијалогот на тема политички договор меѓу партиите. Да се постигне политички договор за ваков сериозен закон, според мене, е исто така сериозна обврска и умешност на сите партии во Парламентот, но одговорноста ја носи владеачката партија. Еднаш кажав сметам дека е доблест што владеачката партија или коалиција го прифаќа како континуитет на работење законот од претходната Влада. Но, со оглед на тоа дека бројни пратеници и од опозицијата и од позицијата се најдоа во одреден број на членови со исти забелешки, сметам дека ќе беше исто така доблесно, барем таму каде што и пратениците на ВМРО-Народна, на ВМРО-ДПМНЕ, на СДСМ, госпоѓата Роза Топузовска-Каровска значи на ЛДП, па и некои пратеници од ДУИ, па и некои пратеници од ДПА, зборуваа за исти членови на кои им наоѓаа исти забелешки, сметав дека ќе беше многу поконструктивно ако Владата во однос на тие членови дадеше амандмани, наместо да прави компромис со годините на стаж. Во однос на годините на стаж планирам и понатаму да зборувам по текстот на законот кога ќе зборувам по одредени членови, но сметам дека таквото решение и компромисот и во годините на стаж би можел да се направи, меѓутоа не под силен притисок на немање на стручен кадар кај одредени политички партии кои би сакале да заземат одредена полиција во Министерството за внатрешни работи или било кое министерство или било која државна институција во оваа земја. Се прашувам зошто пак министерката за внатрешни работи или владеачката партија пред да го поднесат овој закон во иста форма како што го направи, што го предложи СДСМ, не се договори и содругите политички партии каква подршка е потребна за овој закон и да не биде патетично и постојано да повторуваме, со оглед на тоа дека сите сме свесни дека тој ни е потребен за приближување на нашата легислатива кон Европската, за Евроатланската интеграција и се она што сите веќе многу добро го знаеме. Зошто СДСМ кој сака да направи наводно компромис и вели дека и сака добро на оваа земја, пак не ги прифаќа сега амандманите кои ги нуди Владата и зошто не се присутни во салата да изгласаат туѓи амандмани за кои и самите велат дека можеби се корисни за подобрување на квалитетот на овој закон. Зошто воопшто нема одговор ниту од едната, ниту од другата политичка партија како би дошле ние при крај на оваа седница. Зошто господин Никола Поповскикако многу сериозен политичар со искуство, не само на пратеник, туку и на министер, си дава за право од собраниската говорница да ја спомне ВМРО-Народна партија која имаше најголем број амандмани, не со цел да ги опструира, да го опструира законот или работата на парламентарните седници, туку за подобрување на квалитетот на законот. Значи, кога ја спомнаа тие не дадоа ниту еден амандман, ниту изгласаа еден амандман. Вели за секој наш повлечен амандман, сме добиле едно место во некој управен одбор. Јас би ги прашала почитуваните господа од СДСМ дали е тоа принцип на нивна работа кој го префрлаат на другите партии. Мене таков принцип на пазарење во однос на законите и државата не ми е познат и ги прашувам дали тие можеби така со нивните коалициони партнери функционираат. Дали тие тргуваа со ДУИ, и понудија нешто за да ја држат СДСМ-овската Влада стабилна, дали ДУИ им возврати некако во трампата или воопшто не им возврати па беа нивни заложници, како што особено во последната година македонската јавност ценеше. Го слушам денес и господин Никола Ѓуркчиев кој вели дека Владата поднела, значи минситерката, поднела амандмани во однос на стажот во корист на коалиционите партнери. Не  знам на кои коалициони партнери мисли во однос на стажот најмногу реакции доаѓаа од страната на ДУИ, а не доаѓаа од никои други политички партии. Дали со право или не, ќе цени јавноста, ќе ценат оние кои прават закони. Па,

дојдовме до таму во оваа расправа , која на моменти според мене навистина е продуктивна, но на моменти многу популистичка да спомнуваме во закон за полиција етничка дискриминација. Не станува збор дека етничките заедници во Македонија треба да бидат застапени насекаде, не само во полицијата. Но, е проблем ако за одредена струка се нема соодветен кадар. Тоа не значи дека тој кадар со тек на години, со стекнување на едукација и искуство не може да се изгради,па да го добие соодветното заслужено место рамноправно со сите други, без оглед дали се викаат мнозински или се викаат малцински етникуми не само во оваа, туку во било која друга земја. До колку сме сосема свесни дека е потребно да го имаме овој закон, а знаеме дека со овој закон треба да бидат регулирани надлежностите на полицијата, полициските овластувања, организацијата на полицијата, вклучително правата и обврските на полициските служби, ако заклучивме дека тој закон треба да се донесе, тогаш потребно е по редот на нештата да се извршат измени и дополнувања на законот за внатрешни работи. Сега, веќе зборувам за стручност, а не за политика како мал увод, иако на политиката повторно би сакала да се навратам на крајот.

Предложениот закон за полиција е составен од дел на правилници во Министерството за внатрешни работи кои се и сега на сила и основата е преземена од Правилникот за вршење на работите на Министерството за внатрешни работи од 10.03.1998 година, кој Правилник, како и други подзаконски акти се разработка на постојните закони за внатрешни работи, кривична постапка и други прописи во Република Македонија по основ надлежност на Министерството за внатрешни работи. Токму заради овие состојби, одредени понудени решенија во законот за полиција се неусогласени, нецелосни, а некои и спротивни на одредбите од Законот на локална самоуправа, за кој многу денови и многу часови се зборуваше. Сакам да кажам дека тие кои зборуваа на таа тема, усогласеност на овој закон со Законот за локална самоуправа, според мене се во право.

Зборуваа на таа тема, усогласеност на овој закон со Законот за локална самоуправа, според мене се во право.

Неминовно во понудената содржина се отвараат повеќе прашања од кои јас ќе набројам само неколку, кои сметам дека се особено значајни.

До крај не е разјаснето организациската структура на Министерството за внатрешни работи, односно Бирото за јавна безбедност и остануваат отворени прашањата кој треба да се дорегулираат. Се нададеваме бидејќи е направен пропуст во законот дека тоа ќе се направи со подзаконски акт. Треба во овој закон, или да се прашаме дали во иднина ќе постојат само понудените полициски станици, иако многу пратеници од овде кажаа дека сметаме да има и некои други. Како ќе се формираат нови полициски станици, дали со измена на овој закон, Законот за полиција, или со некој друг закон. Дали ќе има помал облик на полициски станици во некои општини, како полициски одделенија, ако истото не е регулирано со Закон за полиција, кој ќе одлучува за формирање нови полициски одделенија итн.

Што ќе биде со постојаните полициски станици кои не се опфатени во овој закон, како што се Петровец, Мирковци, Радуша, Арачиново, Липково и бројни други.

Полициските одделенија се организациска структура на Министерството за внатрешни работи во општините. Дали тие општини согласно Законот за локална самоуправа немаат право да бираат раководител на подрачната единица на Министерството за внатрешни работи и дали тоа ќе го оставиме така. Што е со полициските станици за безбедност на патниот сообраќај, кои во основа се специјализирани станици, како дел од општата надлежност на Бирото и колку вакви станици има, кој ги бира командирите, и зошто тоа не е регулирано во законот. Се добива впечаток дека децентрализацијата и пренесувањето на правата на локалната самоуправа во предложениот закон свесно се одбегнуваат. Во суштина, формален е предлогот што се маргинализира учеството на локалната самоуправа. Затоа е потребно претходна измена на Законот за внатрешни работи, кои го регулираат ова прашање и тоа во членовите 20-а, 20-б, во кои наместо сега предложеното решение, министерот да предлага на Советот на општините и Градот Скопје да бираат, потребно е да се дозволи градоначалникот да предлага министерот да дава согласност, а советот да избира според мое длабоко лично убедување.

Во понуденото решение на СВР изедначени се сите сектори за внатрешни работи на Градот Скопје, како двостепена локална самоуправа, регулирана со Уставот и Законот и му е ускратено правото да избира началник на Сектор за внатрешни работи Скопје, значи раководител на подрачно организациона единица на Министерството за внатрешни работи на ниво на Градот Скопје.

Министерството за внатрешни работи и извршната власт на Република Македонија и воопшто, државата не треба да стравуваат дека предложените кандидати за командири на полициски станици и началник на СВР Скопје, предложени од градоначалникот, се избрани од Советот на општината, односно Советот на Градот Скопје ќе бидат лоши професионалци или дека ќе работат спротивно со законите или по диктат на градоначалникот.

Токму затоа, е и борбата со нашите амандмани на ВМРО Народна партија за соодветно образование за адекватен број на години на стаж во полицијата, работат професионалци и тие се независни во својата служба од политиката, ниту на локално ниво, ниту на централно ниво.

Напротив, сметаме дека таквото решение ќе овозможи зголемена контрола и поголема

сигурност во законитоста на работењето. Цениме дека ќе дојде до подобрување на законитоста и дека ќе се избегнат веќе постојните слабости, како што се на пример. Нема да се дозволи некој началник на централните полициски служби, или повисок старешина на Министерството за внатрешни работи под притисок да се јави на сегашниот командир на полициската станица за да превземе некое дејствие. Било какво да е, легално или нелегално. Значи, би го исклучиле методот на работа под притисок, кој обично се сведува овој и овој настан е од наши луѓе, овој и овој човек е наш човек. Зборувам за оние кои воглавно се наоѓаат и знаат да злоупотребат службата на полицијата.

Децентрализацијата значи и меѓусебна контрола за законитото вработување и намалување на можноста и условите некој командир на полициска станица под притисок за негова смена, да отстапи од превземање на со закон предвидени мерки. Повторно зборувам за некаков притисок, за кој како што господин Тито Петковски вели е јавна тајна во оваа држава.

Секако, Министерството за внатрешни работи преку контрола и надзорната функција во работењето на полициските станици ќе овозможи навреме да се спречи ваква ситуација, доколку е предизвикана од локалната самоуправа. Тогаш министерот веднаш ќе господине разреши командирот на полициската станица и ќе побара од градоначалникот да предложи друг кандидат, а Советот на општината со претходна согласност на министерот да го одбере оној кој е најсоодветен за таа општина.

По овој повод би сакала малку подетално да подискутирам на повеќе членови од законот и би се вратила малку назад, би почнала од самиот почеток на законот, од членот 4 на Законот полиција, кој зборува за создавање услови за работа на полицијата во Министерството и каде се утврдуваат кадровските и образовните потреби, принципите за унапредување во службата и унапредување со човечки ресурси, се донесуваат развојни организациски и други насоки за работа, се донесуваат планови за користење на материјално-финансиските средства, се донесуваат и спроведуваат планови за исградба и користење на информациски системи за сопствени потреби и има уште неколку точки, јас го почитувам вашето време нема да ги читам до крај.

Според мое мислење, во членот 4 по став 1 треба да се додаде уште еден став со кој би се регулирало оние работи кои што јас сега ги прочитав, работите утврдени во став 1, од точка 1 до 9, кои не ги исчитав до крај и ќе бидат уредени со правилник кој ќе го донесе министерот согласно со одредбите од член 129 на предлог законот на полицијата. Тој член е во истиот закон.

Сметаме дека, во самиот член 4, во став 1 од точките 1 до 9, такстативно се наброени кои се услови треба да се создадат за работа на полицијата, меѓутоа кои не се дополнително утврдени во членот 129 од овој предлог закон.

Имено, точката 1 став 1, на член 128 од предлог законот го пропишува начинот на вршење на полициските работи, но не го објаснува начинот, критериумите и условите кои треба да се создадат и се пропишани како 9 точки од членот 4.

Во овој правилник што дополнително треба да се внесе во предложениот став 2 на членот 4, според мое мислење, министерот треба да ги има предвид кои се потребите со Закон утврдени работи кои спаѓаат тука: кадровските, образовните потреби и според кои принципи за унапредување во службата треба да се опфатат за да бидат појаснати условите предвидени со точка 1 од став 1 од членот 4.

Исто така сметам дека и одредбата за управување со човечки ресурси е многу воопштено дадена. Не е јасно дали се мисли на посебен оддел, за развој и унапредување на човечки ресурси, дали тој оддел ќе биде составен дел на Министерството за внатрешни работи, или пак ќе се користат одредбите од Законот за државни службеници, или пак одредбите од општото работно законодавство регулирано со Законот за работни односи.

По точка 2, во ово предлог закон се донесуваат развојни, организациски и други работи, за работите кои што се воопштена формулација. Дали предлагачот мислел со овој предлог на развојните компоненти, организациски и други, не само во Министерството за внатрешни работи, или пак на полицијата, дали се тоа предвидени насоки дадени од Мисијата Проксима и други организации што ја претставуваат Европската Унија во Република Македонија, или пак се работи за повеќе постоечки цели и планови кои се регулирани со други подзаконски акти.

Сметаме дека тоа е значајно и дека треба на некој начин да се изрегулира.

Во врска со точка 3, од ставот 1 на членот 4, во овој предлог закон, сметаме дека досегашните начини на материјално-финансиските средства треба да се допрецизираат со работењето се разбира, исто така со подзаконски акти во транспарентна постапка, со која би се намалиле дискреционите права во самото Министерство за внатрешни работи , а со тоа и на полицијата, а би се зголемил материјално-финасискиот фонд за унапредување на техничката подготвеност на полицијата и зголемената финансиска подршка на сите полициски службеници, што секако, е исклучително значајно од едноставна причина што тие луѓе што ја работат оваа сериозна, една од најсериозните работи во државата, треба да имаат и технички помагала, да се добро опремени, но да имаат мотив, кој може да биде и морален, се разбира, и финансиски подкрепен за да можат соодветно да ја извршуваат својата функција.

Точките од 4 до 9, на став 1 од членот 4, на предлог законот, исто така треба да се

прецизираат и уредат со предложениот правилник во рамките на ова што јас го предлагам како можност за решавање на она што не е решено во Законот, од причина што се уредуваат односи за развој на меѓународната полициска соработка, внатрешна финансиска ревизија на полицијата, користење на современи начини на криминалистички достигнувања, примена на техничко-технолошки средства, планови и начин за изградба и користење на радиокомуникациски и телекомуникациски системи за сопствена потреба, значи нешто што ќе треба после да дискутираме по донесувањето на овој закон, а се со цел да се зголеми заштитата на уставниот поредок на Република Македонија за зајакнување на надворешната и внатрешната безбедност на државата, сигурност на нејзините граѓани, како и подобрување на финансиско-материјалната состојба во полицијата и се разбира, за полициските службеници.

Од однапред нададеното, неспорно произлегува потребата од дополнување на членот 4 став 1 во точките од 1 до 9, со предложениот став 2, кој не помина на седница на ова Собрание, затоа што немаше услови за работа и јас, навистина, го повлеков овој амандман, но не да се трампам за нешто, туку за да придонесам во конструктивното работење на Собранието.

Сметам дека во член 9 исто така, од овој Закон е направен пропуст. Значи членот 9 се однесува на материја која вели дека министерот за внатрешни работи од Владата на Република Македонија донесува писмен извештај за извршените полициски работи најмалку еднаш годишно.

Сметам дека тоа треба да биде направено задолжително. Тој писмен извештај треба да биде задолжително даван еднаш годишно. Би можеле да дискутираме за тоа дали тоа треба да биде почесто, или треба да биде на шест месеци, но доколку го прифатиме дека еднаш годишно треба да има, тоа треба да биде задолжително.

Значи, притоа станува збор за транспарентноста на работата во полицијата преку изготвување на писмен извештај, кој ќе се однесува до Владата преку министерот за внатрешни работи, но во ставот 3 не е искажано изричитата облигаторна форма за објаснување на извештајот.

Како толкување, сметаме дека истиот став препорачува да се објави извештајот преку споменатите средства и начини, но во случај тој да содржи било какви негативности и употребени злоупотреби во работата на полицијата, доставувачот предвидува во членот 9 став 1, негово необјавување во јавноста, кој може да се оправда, или не може да се оправда, според нечии мислења, да се брани или да не се брани, но би можело да се брани доколку се сака да се направи злоупотреба, со разноразни неможности за користење на интернет, поради не добро изработена интернет страница, или дека самиот извештај ќе содржи информации кои се високо класифицирани, па не треба да се присатни кон јавноста, или не би требало да бидат достапни до јавноста, а посебно не преку спомнатите средства.

Исто така, треба да се има предвид дека голем број од популацијата не поседува, или не е корисник на интернет, или пак е неука за пристап до интернет. На пример, постарата популација во руралните области, која нема пристап до интернет, весници или телевизија, глувонемата популција, посиромашните слоеви на оваа земја, кои стануваат се повеќе и повеќе, нашите граѓани за кои што имањето на компјутер или телевизор претставува луксус, кои во оваа земја се сé повеќе и повеќе, па од оваа причина, не ги ни поседуваат.

Затоа сметаме дека министерот задолжително треба да го објави извештајот и истиот задолжително треба да биде достапен до целата популација водржавата. Начините на кои може тоа да се направи се бројни и сметам дека не треба да сугерирам, затоа што има и постручни луѓе, кои апсолутно се свесни како тоа треба да се направи.

Во членот 11, кој зборува дека полицијата соработува со граѓаните, државните органи, здруженија на граѓани и правни лица, заради спречување, или откривање на кривични дела и прекршоци. Полицијата соработува со органите на општинтата на Градот Скопје, за работите што се однесуваат на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата. Заради остварување на соработката и зацврстување на влијанието на јавноста во работата на полицијата од ставовите 1 и 2 на овој член, може да се формираат соодветни и координативни тела, совети и комисии, со цел да се изградат заеднички препораки за подобрување на јавната безбедност на подрачјето на општината на Градот Скопје, градење доберба и партнерски однос во негирањето на појавите што влијаат на безбедност.

Сметам дека тука фали еден дел, кој би звучел од прилика вака: заради подобро запознавање на поедини целни групи, со цел да се остварува комуникација со граѓаните и градење на имиџ на полицијата, не негативен, туку позитивен, со цел подобро запознавање на поедини целни групи, на пример ученици и студенти и начинот на работата на полицијата, како и превентивното дејствување во спречување на криминалните и општествените девијантни појави во државата, а со тоа и зголемување на јавната безбедност и безбедност во сообраќајот, во соработката со општините и Градот Скопје, задолжително еднаш годишно, а по проценка на началникот на секторот и повеќе пати полицијата организира едукативно, демонстративна настава.

Јас ве молам да ми обезбедите услови за работа, инаку ќе молчам додека тоа не ми се обезбеди.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам малку потивко.

Се извинувам госпоѓо Јаневска. Не сакам да ве прекинувам непотребно.

**Весна Јаневска:** Ви благодарам. Предлогот за една ваква измена, или едно вакво дополнување

е мотивиран и потекнува од самиот однос од полиција - граѓанин и за неговиот развој од причина што сметаме дека за извршување на задачите на полицијата, треба да постои, но и да се развива, да се гради доверба и сигурност со локалното население. Запознавање на проблемите на населението што постојат во државата, но истовремено и за подигнување на безбедносната култура во доменот на јавната безбедност и сообраќајот во склоп на превенција и делување.

Сметаме дека е потребно попрецизно уредување на овој член, а тоа според нас би се направило доколку тој што го правел законот подразмислил на оваа тема за која јас сега зборувам. Со ваквата измена или дополнување сметаме дека ќе се постигне соработката на полицијата со граѓаните во областа на јавната безбедност и сообраќајот преку одржување на едукативно демонстративна настава, која како таква треба да биде воспоставена со горе наведените целни групи, преку институциите за образованието, преку назначувањето едукатор или тим од едукатори од страна на полицијата кои задолжително еднаш годишно, а по проценка и повеќе пати во соработка со Градот Скопје и локалната самоуправа, училиштата и факултетите ќе се овозможи оваа едукација која може да биде во форма на училишна или факултетска настава, трибина или пак други форми на собирање и организирање на онаа популација која е заинтересирана за тоа. Со тоа ќе се постигне уште поблизок пристап на полицијата до граѓаните и разбирање на правните норми кои ги предлага Европската Унија, а кои како такви се застапени во сите земји членки на Европската Унија, посебно во Шведска, Слобенија, Германија, Франција, каде што полицијата покрај разни информирања и трибини користи и практична настава. Во оваа земја се правени обиди за сообраќајна и полициска едукација од некои други институции и има некакви позитивни искуства, но сметам дека сега е моментот кога го имаме овој закон, кога се донесува овој закон, една таква задача токму во правец на градење на доверба и меѓу полицијата и граѓаните, да се направи и ова.

Во однос на членот 16 од Законот, во кој се регулира раководството со Бирото за јавна безбедност, се вели дека со Бирото раководи директор, кој на предлог на министерот го именува и разрешува Владата на Република Македонија за време од четири години и тука нема ништо спорно, според мене. За директор на Бирото може да биде именувано лице, кое покрај општите услови за засновање на работен однос во полицијата предвидени со овој закон, ги исполнува и следните услови - тука јас имам коментар - да има завршено соодветно високо образование. На оваа тема многу се дискутираше во овој Парламент, но сметам дека е значајно и дека треба уште еднаш да поразговараме, па потоа да има работно искуство од најмалку 12 години со потврдени резултати во областа на правосудството, Јавното обвинителство или полицијата. Значи доколку велиме дека треба да има 12 години потврдени резултати од областа на правосудството, Јавното обвинителство и полицијата, соодветно образование од ставот 1 на овој член 16, би било: Полициска академија, Факултет за безбедност, Правен факултет, Одбранбени студии, Мировни студии и Воена академија. Воопшто не ми е јасно зошто предлагачот пропуштил тоа тука таксативно да го наброи или можеби тоа не е случаен пропуст, туку е намерно направен пропуст за во полицијата како и до сега да работат луѓе со, според мене, несоодветно високо образование. Мене ми е сосема јасно дека во крим техниката треба да работат и биолози, биохемичари, хемичари и физичари, но никако не ми е јасно како полициски инспектор може да биде човек кој завршил Факултет за географија, Факултет за историја, Англиски јазик, Германски јазик, Македонски јазик, Книжевност, Историја на уметност и како до сега, без разни курсеви, усовршувања и доусовршувања тие луѓе можеле стручно да ја работат работата. Јас не ги гледам нив виновни и длабоко им се извинувам, јас за тоа го наоѓам виновен системот и претходните законски регулативи, но ќе ја најдам во иднина виновна и оваа законска регулатива, доколку не се регулира така како што треба д се регулира, да се наброи таксативно соодветното образование за одредени сектори, бидејќи тоа е различно за различни сектори за работа во полицијата.

Повторувам дека неминовно според мене би требало да се дефинира и уреди што се подразбира под соодветно високо обраование со цел да се избегнат евентуални несоодветни поставувања на лица со завршено високо но несоодветно образование, кои воопшто немаат допирни точки со полициската работа, она што веќе го спомнав, јазик, географија, историја на уметност и воопшто немаат врска со полициската работа и воопшто со јавната безбедност, согласно степенот на нивната стручна подготовка и завршено високо образование.

Имено, вака дадениот предлог во точката 1, со тоа што вели “соодветно високо образование”, а не го прецизира, може да придонесе за евентуални манипулации за поставување на лица на место на директор на Бирото за јавна безбедност, кои би биле поставени не по стручност, не по искуство, туку по некои други критериуми и јас ќе си дозволам да речам, по партиски критериуми, за кои зборуваат и некои други пратеници. Исто така, вака поставениот член од оваа точка од Предлог-законот е во противречност со точка 2 од истиот член, за што веќе исто така зборував, но сметам дека е важно да се потенцира, кој вели дека треба да се има најмалку 12 години работно искуство од областа на правосудството, јавното обвинителство или полицијата. Еден по друг два члена кои се контрадикторни. Имено, полициската академија, меѓу останатите, е соодветен образовен центар, кој подготвува кадри воопшто за самата полиција и ги образува и подготвува за извршување

работни задачи под разни специфичности во полицијата. Ако не се лажам, тие луѓе пред извесно време стоеја пред Владата на Република Македонија затоа што завршиле соодветно образование, и тоа нешто што требаше да биде анализирано, а сега не можат да си го остварат правото на работа. Правниот факултет како образовна институција исто такад е соодветно образование, кој пак коинцидира со втората точка во врска со идниот директот на Бирото за јавна безбедност, која вели работното искуство да биде во обвинителството, правосудството или полицијата. Одбранбените и мировни студии, Дефендологија и Воената академија образуваат кадри кои согласно потребите за јавната безбедност се многу блиски или слични за извршување на работи во полицијата. Поточно сите овие спомнати образовни институции даваат поблиска сецијалност и подобро запознавање на самото работно место за кое сметаме дека идниот директор на Бирото за јавна безбедност треба да ги има и поседува како стручна наобразба, се со цел зајакнување и зголемување на јавната безбедност воопшто во сите нејзини подгранки. И така, јас се соглсаувам дека некој кој има 12 години работно искуство во Јавното правобранителство, во полицијата или во судството ќе биде сосема подготвен стручно да ја извршува функцијата директор на Бирото за јавна безбедност, без оглед воопшто тогаш да водиме сметка на која партија и припаѓа, на кој етникум му припаѓа и дали поради етничка припадност, верска припадност или партиска припадност треба да биде директор на Бирото за јавна безбедност, туку напротив да се гордееме со неговата стручност, неговото искуство и сите да чувствуваме сигурност кај тој човек што ќе го води Бирото за јавна безбедност.

Во однос на членот 17, исто така би сакала да прокоментирам. Значи тука се спомнува соодветно образование, високо образование, но за да не се повторувам нема да дискутирам на таа тема веќе кажав тоа што мислам дека треба да се каже, кое за жал не беше сериозно разгледано ниту на пленарните седници на ова Собрание, ниту мислам дека Владата обрна сериозно внимание.

По членот 17, сметам дека би можел да се додаде нов член, и значи меѓу членот 17 и членот 18 да се додаде член 17-а, кој би гласел вака: “Во централните полициски служби”, бидејќи во членот 17 се спомнува централни полициски служби, “Во централните полициски служби се формираат канцеларија за односи со јавнос, оддел за заеднички работи со свои одделенија и отсеци, оддел за посебни единици со свои одделенија и отсеци, оддел за организиран криминал со свои одделенија и отсеци, оддел за крим техника со свои одделенија и отсеци, оддел за информатика и телекомуникации со свои одделенија и отсеци, оддел за материјално-техничко преврмување со свои одделенија и отсеци, оддел за граѓански работи со свои одделенија и отсеци”. И сосема е логично ова да стои во Законот, затоа што другите пак значи централни полициски служби имаат еден органограм во кој ваквите оддели се дефинирани. Значи, со еден вакво член кој би требало да стои меѓу член 17 и 18, се дефинира организационата структура на полицијата, поточно централните полициски служби како нејзин нов сегмент, кои како такви треба да постојат согласно овој закон, а истите се влезени во шемата на органограмот на МВР како структура на полицијата.

Во членот 17 од Предлог-законот недвојбено се истакнува формирање на оддел за организиран криминал, кој на оваа земја и те како и е неопходен. За тоа мислам дека имаме консензус, кој како таков веќе функционира согласно органограмот на полицијата. Истиот е детално објаснет во самиот член. Намерата на Владата одела во позитивна насока кое нешто се гледа од самата законска определба дека овој оддел спроведува насоки добиени од самиот јавен обвинител согласно законот и истиот оддел собира материјална поддршка и поддршка за човечки ресурси од секторите за внатрешни работи и регионалните центри за гранични работи.

Потребата за воведување на нов член 17-а произлегува и од таму што сите оддели се оддели на централните полициски служби вклучувајќи го и одделот за организиран криминал и истите функционираат структурелно и се објаснети во органограмот на полицијата. Сметам дека е потребно таксативно да се набројат кои оддели спаѓаат во централните полициски служби, па потоа да се дефинира што, каква и кои надлежности и која функција ќе го има одделот за организиран криминал, затоа што по структура и важност ниту повеќе, ниту помалку е важен од другите оддели кои претставуваат сопствен дел на централните полициски служби.

Со оглед на тоа како се одвиваат некои настани, па и последниве денови во земјата, значи би можело да се каже дека можеби е малку повеќе важен од другите, иако такво нешто во праксата не е можно. Но, значајно е функционирањето на одделот за криминал во централните полициски служби.

По однос на членот 18, исто така би сакала нешто да прокоментирам. Значи, претпоставувам дека ова е навистина случаен пропис кој беше проправен и јас навистина сметам дека беше многу разумно за нешто што веќе постои и функционира. Во Законот се вели се формира и таквото нешто на големо мое задоволство го поправивме со мои усилби сериозни, но сметам дека е премногу малку за да овој закон добие на квалитет.

Членот 19, кој гласи вака: “Заради заштита на безбедноста на Република Македонија кога јавниот ред и мир е нарушен во поголем обем, или заради спасување на луѓето и имотот при природни непогоди и други несреќи директорот на Бирото може од полициски да формира полициски единици за извршување на опеделени задачи”.

Значи, сметам дека овој член воопшто не треба да го има затоа што комплетно не е прецизен, значи што е тоа поголем обем, треба да се објасни и оваа материја е регулирана со законот за внатрешни работи. Но, пак ми изгледа уште нешто нелогично. Значи, бидејќи во оанизационата служба на централните полициски сили, во одделот за посебни единици, единици за брзо распоредување, единици за специјализирани задачи, единици за службени кучиња, хеликоптерска единица, оддел за деминирање и единица за резервен состав, нема потреба за формирање на посебни временски полициски единици од страна на директорот на бирото кои што немаат процизно дефинирана задача, но и времетраење на функционирање. Значи, тие треба посебно да се формираат за да функционираат, не знаеме за колку време и во кое време. Поради малата големина на територијата на Република Македонија многу брзо е возможно на било кои од единиците на одделот за посебни единици, но исто така и директорот на Бирото да има законска можност за поединечно упатување на полициските службеници, со писмена наредба во други организациони структури на полицијата во зависност од потребата која се појавила, во моментот во нашата држава.

Значи, со оглед на тоа сметаме дека нема потреба од ад хок формирање на единици во надлежност на директорот на Бирото. Тоа бара време, тоа бара организација, тоа бара план, а на директорот на Бирото му се на располагање бројни специјални единици од кои може за потребите да повлече луѓе, без притоа ниту да се трошат средства, ниту да се формираат некакви специјални единици.

Членот 20, според мене исто така има недостатоци и за ова многу и премногу зборувавме и сметам дека и бројот и постоењето на осумте сектори во Законот за полиција е една од причините што расправата на овој закон трае толку долго.

Можеби требаше да се постигне политички договор во однос на бројот на секторите, иако јас не гледам дека во работата на полицијата има било каква политика. Можеби само требаше да се сретне експертски тим независно од партиската и етнчката припадност и по бројот на жители и територија и по бројот на криминалитет да утврдат колку и какви сектори има. Слушам дека некому му пречеле осум сектори. Па и мене ми пречат осумте сектори од едноставна причина што нема сектор Прилеп и што нема сектор Кочани. Бројни дискутанти во оваа сала заклучија дека неопходно е потребно да се формира сектор во Прилеп и сектор во Кочани. Стана збор и за, ми се чини ако не грешам, ако грешам се извинувам, за сектор Гевгелија, можеби и нешто друго сум пропуштила.

Според бројот на населението, според територијата за која станува збор, според порастот на криминалитетот во одредени области, според начинот на кој функционира полицијата во тие одредени области, па и според тоа како граѓаните ја доживуваат полицијата со доверба или недоверба, сметам дека е неопходно постоењето на сектор Прилеп. Доколку пак се мислеше дека десет сектори се несоодветно решение, колку што мене ми е познато во еден разговор, разбрав дека претходно пред овој закон имало понудени решенија со 11 сектори од експерти кои и претходната и оваа Влада и претходниот и овој министер можеле да ги разгледаат па да ни понудат како можеби посоодветно решение во однос на прераспределбата на секторите. Не можам а да не кажам дека она што се случува со градот Прилеп според мене е страшен пропуст на државата и државните органи.

Јас еднаш веќе кажав дека Прилеп од град станува пустелија бидејќи на градот му се одземат сите ингеренции во однос на државните институции. За да постои еден град треба да има основни услови. Значи треба да има жители, треба да има инфраструктура, треба да има училиште се она да не набројувам, но треба да има болница која му е одземена, училишта кои му се одземени на Прилеп, не е одземена болницата, таа е таму, но управувањето и се разбира треба да има ред и мир и полиција која ќе се грижи за тој ред и мир.

Со оглед на територијата околу градот Прилеп и бројот на жители, сметам дека е ова голем пропуст за овој закон, бидејќи амандманите и мојот и на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ, од ЛП, од СДСМ, сите имавме идентичен амандман, но интересно е, сите имавме идентичен амандман, а не успеавме да направиме, покрај присуството на бројни пратеници, не успеавме да направиме мнозинство да го изгласаме овој амандман, без оглед од кого беше даден. Дали беше од Есад Рахиќ, дали од Роза Топузова Каревска, а мислам дека и Ратко Димитровски од Кочани, но да не грешам, не е битно, еве и јас имав таков амандман. Значи, постоеја услови, доколку се имаше волја, барем ваквиот амандман во однос на секторите во Прилеп и Кочани да бидат избрани.

Бидејќи многу пратеници од разни пратенички групи го предлагаа, тука се отвори едно прашање зошто ако ВМРО-ДПМНЕ и ВМРО Народна партија и СДСМ предлагаа еден таков амандман зошто не е изгласан? Дали станувашe збор за демагогија, дали станувашe збор за манипулација на јавноста, дали станувашe збор за можеби некоординираност во пратеничките групи за едни партии имам едно мислење, за други партии имам друго мислење, јас морам да и се обратам на опозицијата, на најголемата опозициона партија во случај на овој амандман каде можеше да се направи мнозинство од тие, не беа присутни во салата. Сметам дека тоа претставува демагогија во континуитет на нивен стил на комуникација со граѓаните на Република Македонија и манипулација на граѓаните на Република Македонија.

Конечно пратениците, според мене, можат да имаат право да гласаат и да не гласаат за некој закон, но ако веќе имаат амандман, а самите го предлагаат и не го гласаат, тоа е веќе сериозен проблем.

По однос на членот 22, повторно станува збор за соодветно високообразование, јас навистина нема да го искористувам трпението на пратениците кои се во салата да образложувам зошто Правниот факултет, Воената академија, Академијата за мировни студии и Дефентологија, Полициска академија, Факултет за безбедност се соодветно стручно образование особено ако повторно во тој член 22 се бараат 12 години стаж во јавно обвинителство, правосудство, полиција итн.

Во членот 23 кој се однесува на формирање на полициски станици од општа надлежност во секторот за внатрешни работи, таксативно се набројани 38 полициски станици за кои зборував и во воведот пред да почнам да зборувам за членовите и спомнав некои од полициските станици кои овде не се наоѓаат на овој список како на пример Петровец, Пехчево, Македонска Каменица, Арачиново, Липково и што ќе се случи со тие општини, а се општини сега.

Гледам дека овде се набројани станиците според територијалната распределба, според општините. Секоја општина си има своја станица. Овие се општини, а немаат своја полициска станица. Дали ќе се формираат нови полициски станици или нема? Ако се формираат на кој начин ќе се формираат, со што ќе се уреди нивното оформување, со дополнување на овој закон, со некаков правилник, сето тоа се нерешени проблеми кои сметам дека треба да се решат. Ако немаат полициски станици каква полициска служба ќе има таму, на луѓето им е неопходна да ја имаат полицијата во овие места и затоа сметам дека тука е направен пропуст.

Во членот 24 повторно станува збор за соодветно високо образование, можеби се повторувам, но секаде каде стои соодветно високо образование, сметам дека не е објаснето што значи тоа “соодветно високо образование” и дека тоа треба да се направи затоа што може да се злоупотребува. Може да се случи по волја на некој повисок чин во полицијата ќе можат да бидат манипулирани луѓето со соодветно високо образование и да не бидат поставени на соодветното работно место за потребите на луѓе со несоодветно високо образование да бидат поставени на несоодветно место затоа што некој во полицијата кој се наоѓа неколку скалила погоре така сака или затоа што, не дај Боже, и тоа може да се случи, владеачката партија така сака или затоа што по клуч етничките заедници во Македонија сметале дека на тоа место треба да има токму Србин, Турчин, Албанец, Ром итн, да не ги набројувам сите.

Таквото нешто се случувало до сега и сметам дека и во овој закон во пракса не се регулира и тешко ќе можеме да спроведеме нешто што со закон не е регулирано и она што со закон е регулирано ние во Македонија тешко го спроведуваме. Или не го почитуваме или го злоупотребуваме, но најмалку го спроведуваме така како што треба. Се разбира, јас не сакам да кажам дека во оваа земја ништо не чини, ние сме направиле големи напредоци во многу области од оној минат систем во овој демократски систем, се разбира дека тоа не значи дека не треба да продолжиме и понатаму сериозно да работиме за поголем квалитет.

Тоа беше за соодветното образование, а сега за ставот 5 од истиот член. Сметам дека во ставот 5 по зборовите “министерот во консултација” треба да се замени со зборот “Влада”, односно “Владата” се заменува со зборот “градоначалник”.

Повторно нешто во врска со локалната самоуправа за која многу зборував и сметам ако ова се случи доаѓа до промовирање на практична примена на децентрализацијата и самата материјално-правна материја што го регулира ова и тоа Законот за локална самоуправа и Законот за територијална распределба на Република Македонија.

Значи, со овој предлог се дава придонес во одржување и зајакнување на јавната безбедност, но и превентивно безбедносно делување. Воедно се избегнува впечатокот дека децентрализацијата и пренесувањето на правата од централната на локалната самоуправа намерно се избегнуваат.

Доколку овој предлог би бил прифатен од страна на Владата, а нема, бидејќи сме на крај од расправата, сметам дека оди во правец на остварување на децентрализација на самата полиција каде градоначалникот и советите на конкретните општини на која територија се формираат полициските станици, можат да поднесат писмено барање до министерот за внатрешни работи за смена на командирот на надлежната полициска станица по кое образложение заедно со писменото барање барателите задолжително да ги наведат конкретните причини поради кои се бара смена на командирот на полициската станица, но и да му се даде можност на истиот да биде запознает во врска со ова барање.

Сметам дека тоа е работа која овде треба со закон да се регулира, а која всушност задира во нормалните комуникации на луѓето воопшто, на норманлните меѓучовечки односи.

Исто така сметам дека градоначлниците и советите на општините на чие подрачје има формирано полициски станици можат да поднесат писмено барање до министерот за смена на командирот на надлежната полициска станица детално образложувајќи ги причините кои тоа го бараат и овозможувајќи му на командирот со тоа да биде запознаен.

Во ставот 25 се вели дека командирот на полициската станица од членот 24 на овој закон редовно го информира и на барање на советот, советот на засегнатата општина, за работите што

се однесуваат на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Командирот од ставот 1 на овој член на советите на засегнатите општини прима препораки за подобрување на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата заради градење доверба помеѓу полицијата и локалното население.

Сметам дека, покрај тоа што треба да го информира советот, бидејќи советот и градоначалникот на локалната самоуправа, според мене, претставуваат единствена целина која функционира на локално ниво, сметам дека командирот на полициската станица, покрај советот, треба да го информира и градоначалникот.

Во овој член доаѓа до израз локалното и територијалното законодавство со неговата имплементација каде веќе се гледа дека командирот на полициската станица редовно ги информира и советот и градоначалникот на засегнатата општина за работите што се однесуваат на јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот.

Добро е ова информирање да биде најмалку два пати во годината и истото, покрај советот, да може да го бара и градоначалникот на засегнатата општина од причини што и градоначалникот претставува орган во рамките на локалната самоуправа и истиот непосредно ги претставува интересите на граѓаните кои го избрале. Така не гледаме како ќе се гради доверба само помеѓу полицијата и советот, а да не се гради доверба меѓу полицијата и градоначалникот и сите тие три единици полицијта, советот и градоначалникот со граѓаните.

Поради тоа командирот на засегнатата полициска станива во горе наведената смисла треба, покрај советот на општината, да го информира и градоначалникот, но и градоначалникот да има право на барање кое ќе го образложи до командирот на засегнатата полициска станица да бара информација и повеќе од два пати во годината, доколку смета дека тоа е потребно.

Со ваквата уреденост се зајакнува комуникацијата на оргните на локалната самоуправа со полицијата. Доаѓа до подобро запознавање помеѓу раководниот орган на полициската станица со засегнатата општина воопшто, подобро запознавање со проблемите на граѓаните и воопшто доаѓа до намалување на сторување и превенирање на општествените девијантни појави во државата. Бидејќи би било сосема логично во борбата против било каков криминал или девијантни појави да се почне од базата таму каде што тоа се случува значи меѓу граѓаните и локалната самоуправа, сметам дека ова апсолутно требаше да биде составен дел на законот. Многу се дискутираше за довербата меѓу полицијата и граѓаните, па за тоа дали униформата претставува доверба, дали легитимацијата на полицијата претставува доверба или распознавање, дали ги плашат луѓето со полиција кога биле мали, па таа полиција била туѓа, не е улогата на полицијата да биде страшило, улогата на полицијата е да биде заштитник на безбедноста и човековите права на граѓаните.

Доколку тоа не се случува на локалн ниво, тоа на централно ниво никако не ќе може да се случи и затоа сметам дека и тука е направен пропуст.

Во членот 26, за вршење на полициските работи што се однесуваат на обезбедување на државната граница и контрола на преминување на државната граница се формираат регионални центри за гранични работи и тоа регионален центар - југ, регионален центар - исток, регионален центар - север, регионален центар - запад со седишта во Кавадарци, Делчево, Скопје и Охрид.

Со регионалниот центар за гранични работи раководи началник кој работите ги врши во полициска униформа.

За началник на регионалниот центар за гранични работи може да биде назначено лице кое, покрај општите услови за засновање на работен однос во полицијата предвидени со овој закон, ги исполнува и следниве потребни услови:

- да има завршено високо образование;

- да има работно искуство во полицијатата од најмалку 12 години од кои 4 години на раководно работно место;

- началникот од ставот 2 на овој член го назначува и разрешува министерот од редот на вработените во транспарентна постапка;

- началникот на регионалниот центар за гранични работи за својата работа непосредно е одговорен на директорот.

Сметам дека таму каде се регулира работното искуство треба да стои да има работно искуство во безбедносните структури на Република Македонија што подразбира Министерство за внатрешни работи, Полиција, Агенција за разузнавање, АРМ и имам коментар на бројот на годините, 12 години, според мене лично, е прилично многу затоа што ако тој што работи 12 години за да напредува од првото скалило кое го добил по 12 години му требаат уште 12 години до второто, па уште 12 години до третото, со оглед на Законот за работни односи на полицијата и нивниот бенефициран стаж, може да се случи тој никогаш да не дојде до врвното место за кое има амбиции, има квалитет, се докажал и има стручна подготвеност. Иако за ова, навистина, би можело да се дискутира до каде и доколку би можеле да се движат во скалилата нагоре доколку се намали бројот на годините или тој се зголеми.

Тука се предвидени работи кои се однесуваат на чување и обезбедување на државната граница како и контрола на нивното преминување. Владата како предлагач и минатата и оваа сметаме дека нашла добро законско решение во поделбата на регионалните центри, овие за кои зборував југ, исток, север и запад кои постојат и

се функционални, како и за називот на раководното место и лице кое ќе управува со регионалниот центар. Но, сметам дека бараното работно искуство со Предлог законот од 12 години е преголемо од причини што во самите структури на граничната полиција постојат кадри од разни структури на безбедноста и државните органи кои потекнуваат од Армијата и другите безбедносни структури кои не располагаат со работно искуство од 12 години.

Значи, првата причина заради која сметам дека 12 години се многу ја кажав. Втората причина ја потенцирам сега. Луѓе кои работеле во Армијата и другите безбедносни структури кои сега се наоѓаат на улица, а немаат 12 години работно искуство, како работно искуство тие имаат големо искуство во однос на вршење на таквата функција, би можеле да бидат преземени како раководители на овие сектори.

За транспарентната постапка не можам да одолеам да не прокоментирам иако ...

**Љубиша Георгиевски:** Ајде да застанеме овде оти помина 17,00 часот, запаметете си ја транспарентната постапка, од утре почнуваме во 11,00 часот, продолжуваме со речта на госпоѓа Јаневска. Утре и репликите.

(Реакција од страна на пратениците бараат репликите да ги завршат сега)

Ајде да ги отвориме репликите, ако дозволувате.

Кој има реплики?

Алити, Димеска и Грковска.

По тој редослед да одиме, секој по три минути.

Поветете господине Алити три минути реплика на госпоѓа Јаневска.

**Рафис Алити:** Благодарам, не знам колку ова ќе биде реплика до лидерот или до пратеничката госпоѓа Јаневска која имаше конструктивна расправа, не знам колку ова ќе се смета како реплика до неа, меѓутоа, си дадов право на себе да барам реплика затоа што навистина е првата пратеничка од ВМРО Народна партија која навистина имаше расправа во насока на тоа што го вели народот дека парламентарното мнозинство го практикува тоа затоа што тоа било од партиски и идеолошки аспект, ценам дека се друго е, меѓутоа не ВМРО-ДПМНЕ и велам дека е првата пратеничка која не служи или не пристапува кон таа логика за инает на невестата да го умрам синот. Напротив, дебатата беше многу конструктивна и сугестиите кои приближно и ние сме ги дале и таа денеска со своите забелешки ги имаше во таа насока нешто за што секогаш сме мислеле и мислиме дека навистина има место во овој Предлог закон да се направат такви исправки било од аспект на регионалните центри што ги спомна, било во други членови кои навистина се не до крај прецизирани.

Затоа реков не знам колку ова ќе биде реплика до госпоѓа Јаневска, меѓутоа, таа е првата пратеничка која навистина покажува дека при донесувањето на законите не треба да се тера инает, туку навистина треба да се одбрани тоа што е интерес на електоратот и на граѓаните. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Нека повели Катерина Димеска.

Повелете реплика.

**Катерина Димеска:** Почитуван претседател, почитувана министерке, почитувани колеги пратеници,

Мојата реплика ќе биде кратка и се однесува на делот на претходната дискусија. Почитуваната госпоѓа Весна Јаневска во своето образложение изврши анализа на повеќе членови од законот, јас би реплицирала во делот на членот 9 каде знаеме дека имавме поднесено амандмани за ставот 2 од членот 9 имавме амандман од почитуваната госпоѓа Роза Топузова Каревска кој знаеме дека беше прифатен.

Инаку, не се согласувам со третиот став од членот 9 за кој госпоѓата Весна Јаневска имаше поднесено амандман кој знаеме дека не се прифати.

Потоа би реплицирала во делот на членот 16 став 1 каде беше дефинирано дека се бара да има завршено соодветно високо образование. Инаку, јас со дискусијата на почитуваната колешка не се согласувам во насока на тоа што беше кажано дека не е внесено во Предлог законот онака како што таа предвидуваше да биде наведен соодветна стручна спрема се остава простор за вклучување на кадри по партиски клуч. Самото тоа што кажува соодветно високо образование ми се чини дека доволно кажува.

Уште една работа би потенцирала околу членот 20 за кој многу дискутиравме овде, за кој член имаше поднесено амандмани кој и јас како претставник на граѓаните од општина Прилеп го поддржав, во тој дел би се согласила со неа дека тука се појави една демагогија од страна на опозицијата која и покрај тоа што предлагаше амандман, за жал, не учествуваше во расправата по тој амандман, знаеме дека беше напуштена собраниската сала, тука се согласувам во контекст на нејзината дискусија.

Останатите дискусии кои ги имавме од почитуваната госпоѓа Весна Јаневска беа претежно во насока на амандманите кои истата ги предлагаше и не би дискутирала околу останатите амандмани. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Дали има контра реплика? (Нема)

Повелете Славица Грковска реплика три минути.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе, дозволете ми да констатирам дека добар дел од дискусијата на госпоѓа Јаневска беше посветен на СДСМ. Беа изнесени одредени констатации кои во добар дел се невистинити. Во еден момент беше спомнат зборот “манипулација”, јас би сакала да реагирам на тоа, со оглед на тоа што не можам да прифатам од партија која може да држи лекции за манипулации да бидеме обвинувани за манипулатори, со оглед на тоа што бевме обвинети, воопшто не е точно.

Имам впечаток дека ваквата дискусија на госпоѓата Јаневска повеќе ја искажува нејзината опседнатост и потребата проблемите што ги има ВМРО Народна партија да ги дефокусира на друга политичка партија имајќи го предвид фактот што ВМРО Народна партија е партија која цело време не убедуваше дека ќе биде во опозиција, меѓутоа, дека ќе ја поддржува власта, а од друга страна сите кадри на ВМРО Народна партија можеме да ги видиме во “Службен весник” во управни одбори или директори на јавни претпријатија, што ќе се согласите, е далеку од опозициона партија.

Би ја посоветувала госпоѓата Јаневска да се занимава со проблемите на ВМРО Народна партија и да не ја манипулира јавноста кога кажува дека почесниот претседател на ВМРО Народна партија Љубчо Георгиевски не зел бугарско државјанство кога имаме потврда од Република Бугарија дека тоа не е така. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓа Весна Јаневска контра реплика и завршуваме за денес.

**Весна Јаневска:** Мене ми е многу жал што некои пратеници во ова Собрание не можат да ме разберат, но јас моето ниво на дискусија не можам да го спуштам на пониско ниво, така сум едуцирана и образувана.

Но, колку за да знаат пратениците во ова Собрание и македонската јавност ВМРО Народна партија нема никакви проблеми. Читам во весниците дека проблемите во моментот се фокусирани во СДСМ, дека тие имаат некакви проблеми, но без оглед тоа е нивна работа која нас не не интересира и воопшто не планираме да се бавиме ниту сме опседнати, ниту сме биле, а особено во моментот нема зошто да бидеме опседнати со партија во опозиција која не функционира затоа што има внатрешни проблеми.

Јас ова што го правам во моментот се однесува на законот за полиција и навистина одговорно тврдам дека барем во однос на секторот Прилеп можеше да се направи мнозинство, нека си се прегласа СДСМ, нека се пребројат другите, тој амандман можеше да биде изгласан. Ви благодарам и се извинувам за пречекорувањето.

**Љубиша Георгиевски:** Утре во 11,00 часот продолжуваме.

Ви благодарам на сите.

(Седницата прекина со работа во 17,14 часот)